ГРАЃАНСКИ
РЕСУРСЕН
ЦЕНТАР

# СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА НА ВЛАДАТА ЗА СОРАБОТКА СО И РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО 2022-2024

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД АКЦИСКИОТ ПЛАН

WWW.RCGO.MK | INFO@RCGO.MK | WWW.FACEBOOK.COM/RCGOMK

ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

МЦМС МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

AD

Медиа Плус

# Спроведување на
# Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024

## Извештај за спроведување на активностите од Акцискиот план

март, 2025

Финансирано од
Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

*Спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024, Извештај за спроведување на активности од Акцискиот план*

*Издавачи*
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Национална фондација за развој на граѓанското општество, Граѓански ресурсен центар Скопје (ГРЦ)

*За издавачите*
Александар Кржаловски, директор на МЦМС
Валентина Величковска, извршен директор на ГРЦ

*Автор*
Валентина Величковска

*Контакт*
**МЦМС -** адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41 а; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
е-пошта: mcms@mcms.mk; веб-страница: www.mcms.mk.
Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk; Twitter: http://twitter.com/mcms_mk

**ГРЦ** - адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41 а; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
е-пошта: info@rcgo.mk; веб-страница: www.rcgo.mk.

*Овој извештај е финансиран од Европската Унија. Содржината на извештајот е единствена одговорност на авторот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и организациите спроведувачи на проектот „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2”.*

# Содржина

Вовед ..... 4

Спроведување на Акцискиот план на Стратегијата ..... 5

Приоритетна област 1 - Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанското општество ..... 7

Стратешка цел 1. Унапредување на правната рамка за граѓанските организации .. 8

Стратешка цел 2. Зајакнување на институционалната рамка и практиките за соработка помеѓу Владата, органите на државната управа и граѓанските организации ..... 11

Стратешка цел 3. Воспоставување даночна рамка којашто одговара на спецификите на работењето на граѓанските организации и го овозможува нивниот развој ..... 15

Стратешка цел 4. Унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации ..... 19

Приоритетна област 2. Демократизација, активно учество на граѓанскиоте организации во општествените процеси, во креирањето и следењето на политиките, со посебен фокус на процесот на интеграција во Европската Унија ..... 22

Стратешка цел 5. Зголемување на вклученоста на граѓанските организации во процесот на креирање, спроведување, следење и оценување на политиките ..... 23

Стратешка цел 7.Унапредување на правната рамка за правото на мирно собирање и непосредно учество на граѓаните во одлучувањето ..... 33

Приоритетна област 3. Граѓанскиот сектор како чинител во социјално-економскиот развој ..... 36

Стратешка цел 8. Развој на социјално претприемништво ..... 37

Стратешка цел 9. Препознавање на спецификите на граѓанските организации како работодавач ..... 39

Стратешка цел 10. Промовирање и развој на волонтерството ..... 41

Стратешка цел 11. Поттикнување на граѓаните и деловниот сектор за поддршка и придонес за развој на граѓанското општество ..... 43

Стратешка цел 12. Зголемување на учеството на граѓанските организации за обезбедување услуги за потребите на заедницата ..... 45

Заклучоци и препораки ..... 49

Заклучоци ..... 49

Препораки ..... 51

# Вовед

Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 има за цел да обезбеди поттикнувачка и одржлива околина во која функционира и се развива граѓанското општество што овозможува динамични, независни, активни и одржливи граѓански организации коишто придонесуваат во зајакнување на демократското управување, ги рефлектираат интересите и потребите на граѓаните и се вклучуваат во структурен дијалог за унапредување на општеството.

Во 2007 година Владата ја усвои првата Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор со Акциски план 2007-2011, поставувајќи ги основите на нејзината соработка со граѓанските организации. Во 2012 година беше усвоена втората Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор со Акциски план 2012-2017 чија цел беше промовирање, поддршка и унапредување на партнерските односи помеѓу Владата и граѓанското општество, преку мерки за зајакнување на заемната соработка. Третата владина Стратегија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020 требаше да овозможи понатамошно унапредување на соработката и поттикнување на развојот на граѓанското општество, како коректив на политиките, сервис на граѓаните и канал за солидарност, партнер на државата и бизнисот и двигател на ЕУ интеграцијата. Визијата на четвртата Стратегија за соработка со и развој на граѓанското општество со Акцискиот план 2022-2024 е унапредување на околината во која функционира и се развива граѓанското општество кое придонесува во зајакнување на демократското управување и воспоставување на структурен дијалог со граѓанското општество.

Овој извештај се однесува на спроведувањето на Акцискиот план и Стратегијата за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во периодот 2022-2024 година. Извештајот се базира на онлајн истражување и пребарувања, анкети со граѓанските организации и интервјуа со граѓански организации и релевантни државни институции. Дополнително овој извештај ги зема предвид и извештаите за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 изготвени од Генералниот секретаријат – организациона единица за соработка со граѓанските организации.

Целта на овој извештај е да се утврди нивото на спроведување на Акцискиот план на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024, остварувањето на стратешките и оперативни цели и реализираните активности. Дополнително, извештајот дава препораки и насоки за изработка на следната Стратегија. Целта на препораките е да укажат на начини како може да се надминат недостатоците и предизвиците, што ќе доведе до подобрен систем за спроведување и следење на спроведувањето на Акцискиот план на следната Стратегија (2025–2028).

# Спроведување на Акцискиот план на Стратегијата

Акцискиот план за спроведување на Стратегијата ги опфаќа следните три приоритетни области: 1. Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанското оштество; 2. Демократизација, активно учество на граѓанскиоте организации во општествените процеси, во креирањето и следењето на политиките, со посебен фокус на процесот на интеграција во Европската Унија; 3. Граѓанскиот сектор како чинител во социјално-економскиот развој. Овие приоритетни области се поделени на 12 стратешки цели, 26 оперативни цели и 81 активност. Според годината за која е планирано спроведувањето на активностите, најголемиот број од активностите се планирани за првата година, односно за 2022 година е планирано да се спроведат 49 активности, 11 активности во 2023 година, 11 активности во 2024 година а 10 активности е планирано континуирано да се спроведуваат.

Според наодите на оваа анализа, во периодот на спроведување на Стратегијата (2022-2024) целосно се спроведени седум активности (8,6%) а 20 активности (24,7%) биле континуирано спроведувани. Започнато е спроведувањето на 29 активности (35,8%) но не се спроведени до крајот на 2024 година. Не е започнато спроведувањето на 25 активности (30,9%).




*Графикон 1: Ниво на спроведување на активностите од Акцискиот план на Стратегијата*

Во однос на оперативните цели, податоците покажуваат дека од вкупно 26 оперативни цели, десет (38,5%) цели се остварени, една (3,8%) цел делумно е остварена а 15 (57,7%) оперативни цели не се остварени во периодот на спроведување на оваа Стратегија (2022-2024). Мерењето на пет од 12 стратешките цели е директно условено од Индексот на одржливост на граѓанското општество за Северна Македонија за кој што последните достапни податоци се од 2021 година. Според достапните податоци, три (43%) од останатите седум стратешки цели се остварени, а четири (57%) не се остварени.

Во акцискиот план се наведени и институциите надлежни за спроведување на секоја од планираните активности. Најчесто наведени институции надлежни за спроведување на активностите се: Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество (една од

надлежните институции за спроведување на 44 активности), Генерален секретаријат – организациона единица за соработка со граѓанските организации (една од надлежните институции за 26 активности), Министерство за правда (една од надлежните институции за 24 активности), Министерство за финансии (една од надлежните институции за 23 активности), Министерство за труд и социјална политика (една од надлежните институции за 18 активности), и др. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество доминира како надлежна институција за спроведување на активностите од првата и втората приоритетна област, додека пак Министерство за труд и социјална политика е најчесто наведена како една од надлежните институции за спроведување на активностите од третата приоритетна област.



*Графикон 2: Надлежни институции за спроведување на Стратегијата по приоритетна област*

## Приоритетна област 1 - Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанското општество

Првата приоритетна област содржи четири стратешки цели, осум оперативни цели со 27 активности насочени кон унапредување на правната, институционалната и финансиската рамка за функционирање и развој на граѓанското општество. **Од вкупно 27 активности, 14 активности (51,9%) се започнати но не се спроведени, пет активности (18,5%) се спроведени или пак континуирано биле спроведувани додека пак осум активности (29,6%) воопшто не се започнати**. Како клучни цели во оваа приоритена област се: Изменет Законот за здруженија и фондации; Независен, репрезентативен, оперативен и ефективен Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество; Зголемено државно финансирање за граѓанските организации и усвоен модел за финансирање на граѓанските организации од буџетот на државата што го поттикнува развојот на граѓанското општество.

Во периодот 2022-2024 година, изготвен е првиот нацрт од предлог-законот за измена и дополнување на Законот за здруженија и фондации, но не се спроведени широки консултации со граѓанските организации, предлог законот не е финализиран и не е доставен во владина процедура и **измените и дополнувањата на Законот за здруженија и фондации не се донесени**. **Советот** за соработка меѓу Владата и граѓанското општество **беше нефункционален од втората половина на 2022 година до крајот на 2024 година**, односно до завршувањето на мандатот на членовите на Советот. На крајот од 2024 година Владата спроведе консултации и ја измени Одлуката за формирање на Советот за соработка и најави објавување на повик за избор на нови членови на Советот. И покрај неговото нефункционирање, сепак има зголемување на довербата на граѓанските организации во Советот за соработка, односно **анкетите покажуваат зголемување на процентот на граѓански организации кои го препознаваат Советот како релевантно тело за соработка и влијание во креирање на политики за развој на граѓанското општество** (од 50,3% во 2022 на 56% во 2024). Анализите направени од Генералниот секретаријат покажуваат дека има зголемување на државното финансирање за граѓанските организации, иако ова може да се земе со резерва бидејќи Владата нема јасна слика и целосна пресметка за средствата од државниот буџет кои се распределуваат за финансирање на граѓанските организации регистрирани согласно на Законот за здруженија и фондации. Не е започната активноста за трансформација на **Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите** во хоризонтален и задолжителен подзаконски акт за сите органи на државната управа. Не е започната активноста за измени на Законот за игрите на среќа и за забавните игри. Работната група за реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации даде предлог-одредби на Законот за здруженија и фондации во делот Државна поддршка на организациите и Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество, но Предлог-законот за измена и дополнување на Законот за здруженија и фондации не е усвоен. **Не е усвоен модел за финансирање на граѓанските организации од буџетот на државата што го поттикнува развојот на граѓанското општество**.

Двете активности што беа **целосно спроведени** во периодот на спроведување на оваа Стратегија се однесуваат на овозможувањето на бесплатен пристап до податоци за граѓански организации од Регистарот на регистрираните организации согласно Закон за здруженија и фондации во Централниот регистар на Република Северна Македонија. Трите активности што редовно беа спроведувани се однесуваат на ажурирање на отворените податоци од Регистарот на регистрираните граѓански организации од страна

на Централниот регистар и одржување на координативни состаноци и јакнење на членовите на Мрежата државни службеници за соработка со граѓанското општество.

Надлежни институции за спроведување на активностите од оваа приоритетна област од акцискиот план се: Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество (едно од надлежните тела за спроведување на 24 активности), Министерство за финансии (една од надлежните институции за 13 активности), Генерален секретаријат – организациона единица за соработка со граѓанските организации (една од надлежните институции за 10 активности), Министерство за правда (една од надлежните институции за пет активности) и др.

## Стратешка цел 1. Унапредување на правната рамка за граѓанските организации

*Показател на влијание: Оценка на правната рамка за граѓанските организации според Индексот на одржливост на граѓанското општество за Северна Македонија*

*Статус: Нема достапни податоци*

**Оперативна цел 1. Унапредување на правната рамка за здруженија и фондации која обезбедува гаранции за остварување на правото на слобода на здружување во согласност со меѓународните стандарди**

*Показател на успешност: Број на случаи, правосилни одлуки или конечни решенија за повреда на основните уставни права на физички и правни лица на основање и учество во формални и неформални начини на здружување.*

*2022: Министерството за правда, согласно член 9 од Законот за здруженија и фондации, во 2022 година донесе едно решение со кое се одбива барањето за употреба на зборот „Македонија“ во името на здружние. Управниот суд на РСМ донесе пресуда во корист на тужителот, по која министерството донесе ново Решение со кое се одобрува зборот „Македонија“ да се содржи во името на Здружението Млади за Македонија.*

*2022: Број на одлуки/решенија од Централен регистар за одбивање на барање за регистрирање на организација согласно на Законот за здруженија и фондации: 30*

*2023: Министерството за правда, согласно член 9 од Законот за здруженија и фондации, во 2023 година позитивно одлучи по сите барања за употреба на името Македонија или зборови изведени од зборот Македонија.*

*2023: Број на одлуки/решенија од Централен регистар за одбивање на барање за регистрирање на организација согласно на Законот за здруженија и фондации: 23*

*2024: Број на одлуки/решенија од Централен регистар за одбивање на барање за регистрирање на организација согласно на Законот за здруженија и фондации: 40*

| |
|---|
| **Активност 1.1.** Подготовка на измени на Законот за здруженија и фондации (во насока на ревизија и прилагодување на номенклатурата дефинирана во законот со цел препознавање на други форми на здружување, ревизија на одредбите за непартиско дејствување и влијание на избори, анализа на функционалните модели за стекнување со статус од јавен интерес, интегрирање на податоците на регистрираните организации во една база на податоци во отворен формат, заштита на непрофитниот карактер, генерални критериуми за начинот на финансирање на организациите од корисниците на јавни средства итн.).<br><br>**Показател**: Подготвен е предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации со учество на претставници на граѓанските организации во работната група.<br><br>**Надлежна институција**: Министерство за правда, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br><br>**Рок за спроведување**: 1 квартал 2022 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

Работната група за изработка на Закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации, формирана во март 2022 год. а координирана од Министерството за правда, одржа 15 состаноци и една работилница во периодот 2022-2023 година, но ниту еден состанок во 2024 година. Во работната група покрај претставници на релевантните институции има пет претставници на граѓанските организации пријавени на јавен повик а потоа избрани од членовите на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. Работната група подготви работна верзија на Предлог на Законот која што до крајот на 2024 година остана во рамки на Министерството за правда, не е финализирана и не е доставена до Владата.

| |
|---|
| **Активност 1.2.** Јавни консултации и дебати со граѓански организации, институции и други засегнати страни за измените на Законот за здруженија и фондации.<br>**Показател**: Спроведени четири јавни консултации/дебати за измените на Законот за здруженија и фондации (една национална и три локални) со опфат на повеќе од 100 претставници на граѓански организации.<br>**Надлежна институција**: Министерство за правда, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br>**Рок за спроведување**: 2 квартал 2022 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

Во декември 2022 година беа организирани четирите консултативни тркалезни маси со околу 30 претставници на граѓански организации за давање инпут кон изготвување на текстот на предлог-законот. Јавни консултации (една национална и три локални) не се организирани за предлог-законот за измена и дополнување на Законот за здруженија и фондации пред истиот да биде доставен до Влада. Предлог-законот не е ставен на ЕНЕР за консултации со јавноста, а на ЕНЕР постои само Известување за почеток на процесот за подготовка на предлог на законот од април 2022 г[1].

| |
|---|
| **Активност 1.3.** Доставување на измените на Законот за здруженија и фондации (владина процедура).<br>**Показател**: Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации е доставен во владина процедура.<br>**Надлежна институција**: Министерство за правда, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br>**Рок за спроведување**: 2 квартал 2022 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

Подготвена е работна верзија на Предлог на законот која што до крајот на 2024 остана во Министерство за правда и уште не е доставена до Владата за понатамошно разгледување и усвојување.

[1] Извор: https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_ann_detail&itemid=W0H707LXXMp3BklwwWT1xQ==

| |
|---|
| **Активност 1.4.** Градење на капацитетите на институциите и граѓанските организации за доследна примена на Законот за здруженија и фондации.<br>**Показател**: Подготвени коментари на измените на законот; Спроведени најмалку четири информативни настани со корисниците на законот (граѓански организации, институции итн.).<br>**Надлежна институција**: Министерство за правда, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br>**Рок за спроведување**: 3 квартал 2022 |
| Активноста не е започната |

**Оперативна цел 2. Овозможување бесплатен пристап до податоци за граѓански организации од Регистарот на регистрираните организации согласно Закон за здруженија и фондации во Централниот регистар на Република Северна Македонија**

*Показател на успешност: Број на прегледи во единствениот интегриран Регистар на регистрирани граѓански организации*

*2022: Вкупно 792 прегледи на страницата од веб порталот на Централен регистар каде е објавата за Регистарот на регистрирани граѓански организации*

*2024: Вкупно 1061 прегледи на страницата од веб порталот на Централен регистар каде е објавата за Регистарот на регистрирани граѓански организации.*[2]

| |
|---|
| **Активност 2.1.** Проширување на отворените податоци што Централниот регистар на Република Северна Македонија ги објавува за граѓанските организации со податоците достапни од индивидуалнотот пребарување, достапни како постојни услуги.<br>**Показател**: Објавени интегрални податоци за регистрираните здруженија и фондации во отворен формат, кои можат да се пребаруваат по клучни индикатори (врз основа на информациите кои се прибираат согласно Законот за здуженија и фондации).<br>**Надлежна институција**: Централен регистар на Република Северна Македонија, Министерство за информатичко општество и администрација, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br>**Рок за спроведување**: 1 квартал 2022 |
| Активноста е спроведена во 2022 |

Централниот регистар на Република Северна Македонија преку интернет порталот www.crm.com.mk, овозможи бесплатен пристап до податоци за граѓанските организации. Листата на регистрирани граѓански организации содржи проширен обем на податоци, при што, покрај основните податоци за граѓанските организации (ЕМБС, ЕДБ, назив, правна форма - организационен облик) се вклучени и останати податоци како што се: адреса и општина на седиштето на субјектот, адреса на електронска пошта - емаил, датум на основање, големина, правен статус (активен/неактивен/во постапка на утврдување на статус/избришан), претежна дејност (шифра и опис) и дополнителни информации (во стечај/во ликвидација).

| |
|---|
| **Активност 2.2.** Овозможување пристап до динамички извештаи со прилагодливи податоци за граѓанските организации за корисниците на буџетот (централна и локална власт).<br>**Показател**: /<br>**Надлежна институција**: Централен регистар на Република Северна Македонија, Министерство за информатичко општество и администрација, Генерален секретаријат- |

[2] Извор: Централен регистар на Република Северна Македонија

| |
|---|
| организациона единица за соработка со граѓански организации, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br>**Рок за спроведување**: 2 квартал 2022 |
| Активноста е спроведена во 2022 |

Во вториот квартал од 2022 г., Централниот регистар на РСМ ги креираше динамичките извештаи со прилагодливи податоци, а во третиот квартал од 2022 г. ги направи достапни за државните институции и општините преку сопствениот Дистрибутивен систем.

| |
|---|
| **Активност 2.3.** Редовно ажурирање на отворените податоци од Регистарот на регистрираните граѓански организации од страна на Централниот регистар на Република Северна Македонија.<br>**Показател**: Број на ажурирања на податоците во единствен интегриран Регистар на регистрираните граѓански организации.<br>**Надлежна институција**: Централен регистар на Република Северна Македонија, Министерство за информатичко општество и администрација, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br>**Рок за спроведување**: континуирано |
| Активноста се спроведуваше континуирано |

Листата на граѓански организации се ажурира автоматизирано на веб-страната на Централниот регистар на секои две седмици.

| |
|---|
| **Активност 2.4.** Подготовка на измени и дополнувања на Законот за користење на податоци од јавен сектор и негово усогласување со Директивата за отворени податоци и ре-употреба на информации од јавниот сектор (2019/1024).<br>**Показател**: Подготвен е Закон за изменување и дополнување на Законот за користење на податоци од јавен сектор.<br>**Надлежна институција**: Министерство за информатичко општество и администрација во соработка со Фондација за интернет и општество Метаморфозис<br>**Рок за спроведување**: 1 квартал 2022 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

Започнат е процесот за изготвување на измени и дополнувања на законот за користење на податоци од јавниот сектор. Во септември 2024 година на ЕНЕР е поставено Известување за почеток на процесот за подготовка на Закон за отворени податоци и повторна употреба на податоци од јавниот сектор[3].

## Стратешка цел 2. Зајакнување на институционалната рамка и практиките за соработка помеѓу Владата, органите на државната управа и граѓанските организации

*<u>Показател на влијание</u>: Процент на граѓански организации (и државни институции) кои го препознаваат Советот како релевантно тело за соработка и влијание во креирање на политики за развој на граѓанското општество*

*<u>Статус</u>: Според резултатите на прашалникот[4] одговорен од 203 организации во јануари 2025 година, 56% го препознаваат Советот како релевантно тело за*

[3] Извор: https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=86996

[4] Вредноста на овој показател е утврдена врз основа на онлајн анкета со граѓанските организации. Анкетата беше спроведен од Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат во јануари 2025 година а одговори беа доставени од вкупно 203 организации.

*соработка и влијание во креирање на политики за развој на граѓанското општество, 21% не го препознаваат Советот како релевантно тело а 23% немаат мислење по ова прашање. Во споредба со 2022 година, има подобрување од речиси шест процентни поени, односно од 296 граѓански организации кои го одговориле прашалникот во 2022 година, 50,3% го препознавале Советот како релевантно тело за соработка и влијание во креирање на политики за развој на граѓанското општество.*

**Оперативна цел 3. Континуирано работење на независен, репрезентативен, оперативен и ефективен Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество**

*Показател на успешност: Процент на граѓански организации кои сметаат дека Советот донесува одлуки и креира политики базирани на консултации со граѓанското општество*

*Статус: Според резултатите на прашалникот[5] од јануари 2025 година, 36,5% од организациите сметаат дека Советот носи одлуки и креира политики базирани на консултации со граѓанското општество, 25,5% не се сложуваат со оваа изјава а 38% немаат мислење по ова прашање. Ова е подобрување во споредба со состојбата во 2022 година, односно според резултатите од прашалникот[6] од јануари 2023 година, 30,7% од организациите сметале дека Советот носи одлуки и креира политики базирани на консултации со граѓанското општество.*

| |
|---|
| **Активност 3.1.** Изработка и спроведување на ефикасни методи за консултирање и информирање на граѓанските организации за работата на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество (брошури, едукативни видеа, јавни настани, отворени денови и сл.), така што Советот да стане ефективен механизам за оформување на политиките за граѓанското општество.<br>**Показател**: Процент на граѓански организации информирани за работењето на Советот; Процент на граѓански организации консултирани од членовите на Советот кои доаѓаат од редовите на граѓанските организации; Број на информации поврзани со работењето на Советот испратени од Советот до граѓанските организации; Број на теми иницирани од граѓанските организации до Советот; Изготвен, усвоен и практикуван план за комуникација на Советот со граѓанските организации.<br>**Надлежна институција**: Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации<br>**Рок за спроведување**: 1 квартал 2022 |
| Активноста е започната, но не е спроведена. |

Во 2022 година Советот одржа четири седници, на кои што беа дискутирани три теми иницирани од граѓанските организации (Информација за напади и делегитимирање на граѓански организации, Информација за сериозен проблем со реализација на мерките и активностите предвидени со Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција во Република Северна Македонија за 2022 година што ги спроведуваат здруженија, Граѓанските организации во обезбедување на социјална и здравствена заштита на национално и локално ниво). Во 2023 и 2024 година, Советот нема одржано ниту една седница поради бојкотирањето на работењето на Советот од членовите од редот на граѓански организации.

[5] Вредноста на овој показател е утврдена врз основа на онлајн анкета со граѓанските организации. Анкетата беше спроведен од Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат во јануари 2025 година а одговори беа доставени од вкупно 203 организации.
[6] Вредноста на овој индикатор е утврдена врз основа на онлајн анкета со граѓанските организации. Анкетата беше спроведен од Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат во јануари 2023 година а одговори беа доставени од вкупно 296 организации.

Во 2022 година, беше изготвена нацрт Комуникациската стратегија[7] на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, но истата не беше усвоена од членовите на Советот и не се спроведуваше.

**Препорака**: Оваа активност треба да се спроведува континуирано.

| |
|---|
| **Активност 3.2.** Изработка и спроведување на ефикасни методи за комуникација со јавноста, вклучувајќи ги државните институции особено Мрежата на државни службеници за соработка со граѓански организации и јавноста.<br>**Показател**: Број на објави поврзани со работењето на Советот на https://nvosorabotka.gov.mk/ Изготвен, усвоен и практикуван план за комуникација на Советот со јавноста.<br>**Надлежна институција**: Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации<br>**Рок за спроведување**: 1 квартал 2022 |
| Активноста е започната, но не е спроведена. |

Советот нема усвоен План за комуникација со јавноста, иако беше изготвен План за комуникација на Советот за 2022 г кој никогаш не беше усвоен. Во периодот 2022 - 2024 г. на веб-страната на Одделението за соработка со НВО се објавени вкупно 10 објави за работењето на Советот. Дополнително, во делот за работата на Советот редовно беа објавувани дневните редови, записниците и другите материјали за четирите седници на Советот одржани во 2022 година.

**Препорака**: Оваа активност треба да се спроведува континуирано.

| |
|---|
| **Активност 3.3.** Јакнење на капацитетите на членовите на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, воспоставување алатки за континуирана, независна и ефикасна работа на Советот и вопоставување на механизми за комуникација интерно помеѓу членовите на Советот.<br>**Показател**: Процент на отсуство на членовите од седници на Советот и промена на членови во Советот; Процент на одлуки или предлог политики донесени од Советот кои што се усвоени од релевантните државни институции; Изготвен, усвоен и практикуван план за комуникација на Советот.<br>**Надлежна институција**: Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации<br>**Рок за спроведување**: 1 квартал 2022 |
| Активноста е започната, но не е спроведена. |

Во периодот 2022-2024 година Советот одржа четири седници со вкупно 13 точки на дневен ред и разгледа девет материјали, од кои четири материјали на предлог на членовите од редот на граѓанските организации, еден на предлог на член од редот на органите на државна управа и четири материјали на предлог од ГС на Владата – Одделение за соработка со невладини организации. На седниците на Советот беа покренати прашања и предизвици во работењето на граѓанските организации и направи напори да се решат истите, но предлозите не беа усвоени од релевантните институции (на пример, на четвртата и петата седница на Советот се дискутираше за проблемите што организациите ги имаат при регистрирање на вистински сопственик и членовите на Советот доставија Барањето за укинување на тарифата за упис во Регистарот на вистински сопственици за граѓанските организации но барањето не беше прифатено од надлежната институција). Во 2022 година Владата разгледа две информации предложени од Советот (Информација за обидите за делегитимирање на граѓанскиот сектор и штетноста на говорот на омраза и насилството врз граѓанското општество и активистите за човекови права, разгледа на 34. седница на Владата, одржана на 29.3.2022 година и Информација за состојбите во однос на обезбедувањето на

[7] Комуникациската стратегија е подготвена во рамки на проектот „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ финансиран од Европската Унија.

социјална и здравствена заштита од страна на граѓанските организации, разгледана на 55. седница на Владата, одржана на 28.6.2022 година).

Во 2022 година, 32% од членовите учествувале на сите четири седници, 42% учествувале на три седници, 10% учествувале на две седници, 13% учествувале на една седница а 3% не учествувале на ниту една седница. Во однос на членовите од редот на граѓанските организации, шест члена учествувале на сите четири седници на Советот, шест члена на три седници, два члена на две седници и два члена на само една седница. Членовите од редот на граѓанските организации воопшто не определувале замена за учество на седниците на Советот. Послабо учество имало од членовите од редот на органите на државна управа, така што четири члена учествувале на четирите седници (од кои еден пратил замена на една седница), седум члена учествувале на три седници а еден член не учествувал на ниту една седница во 2022 година. Членовите од редот на органите на државната управа ретко праќале замена, т.е. само на една од четирите седници испратиле една замена[8].

Иако беше изготвен План за комуникација на Советот за 2022 г,. поради бојкотот на работата на Советот, истиот никогаш не беше усвоен и не се спроведуваше. Во рамки на проектот „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ финансиран од ЕУ, изработена е Брошура: Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество - ДИЈАЛОГ И ЗАЈАКНУВАЊЕ и промотивно видео за работата на Советот, што се објавени на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Во мај 2022 година, со поддршка на проектот „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“, финансиран од Европската Унија, беа одржани две полудневни работилници на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество на тема „Градење позиции и постигнување консензус во работата на меѓусекторските советодавни тела“, наменети за членовите од редот на вработените во органите на државна управа и за членовите од граѓанското општество[9].

**Препорака**: Оваа активност треба да се спроведува континуирано.

**Оперативна цел 4. Унапредување на знаењата и капацитетите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество**

*Показател на успешност: Процент на членови кои се задоволни од соработката и стекнатите знаења во Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество*

*Статус: Според резултатите од годишните анкети што Генералниот секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации ги спроведува со Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество, мнозинството се задоволни од соработката и стекнатите знаења во Мрежата.*

[8] Извор: https://rcgo.mk/wp-content/uploads/2023/10/17-7-analiza-na-rabotata-na-sovetot-2022.pdf
[9] Извор: https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/725

| |
|---|
| **Активност 4.1.** Одржување редовни координативни состаноци на Генералниот секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации и членовите на Мрежата државни службеници за соработка со граѓанското општество.<br>**Показател**: Одржани четири координативни состаноци годишно на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество.<br>**Надлежна институција**: Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации<br>**Рок за спроведување**: 2022 -континуирано |
| Активноста се спроведуваше континуирано |

Генералниот секретаријат – организациона единица за соработка со граѓанските организации редовно одржува координативни состаноци со членовите на Мрежата државни службеници за соработка со граѓанското општество, на кои што состаноци главна тема е следењето на спроведувањето на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество. Главно овие состаноци се одржуваат на крајот од годината.

| |
|---|
| **Активност 4.2.** Членовите на Мрежата државни службенци за соработка со граѓанското општество учествуваат на обуки за значењето, работењето и моделите за соработка со граѓанското општество.<br>**Показател**: Процент на членови на Мрежата учесници на обуки поврзани со граѓанското општество; Број на граѓански организации коишто преку Мрежата остваруваат комуникација и соработка со ресорните институции.<br>**Надлежна институција**: Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации<br>**Рок за спроведување**: 2022 -континуирано |
| Активноста се спроведуваше континуирано |

Во периодот 2022-2024 година, во рамки на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“, финансиран од Европската Унија, одржани се две работилници со членовите на Мрежата, една во мај 2022 година на тема „Градење позиции и постигнување консензус во работата на меѓусекторските советодавни тела“ и втората во јануари 2023г. за следење на спроведувањето на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024.

Нема достапен податок колку граѓански организации преку Мрежата оствариле комуникација и соработка со ресорните институции.

## Стратешка цел 3. Воспоставување даночна рамка којашто одговара на спецификите на работењето на граѓанските организации и го овозможува нивниот развој

*<u>Показател на влијание</u>: Усвоена е даночна рамка што поттикнува развој на граѓанското општество*

*<u>Статус</u>: Во периодот 2022-2024 не се направени законски измени во даночната рамка што би поттикнале развој на граѓанското општество.*

**Оперативна цел 5. Унапредување на даночната рамка од аспект на данокот на додадена вредност согласно идентификуваните развојни потреби на граѓанските организации**

*<u>Показател на успешност</u>: Процент на граѓански организации кои се свесни за даночните олеснувања и имаат корист од нив.*

*<u>Статус</u>: Според резултатите на прашалникот[10] одговорен од 203 организации, 20% од организациите користеле даночни олеснувања во 2024 година. Има подобрување во споредба со 2022 година, кога овој показател изнесувал 17.2%[11].*

| |
|---|
| **Активност 5.1.** Анализа на можностите за ослободување од данокот на додадена вредност (ДДВ) за ко-финансираниот дел на одобрените проекти поддржани од донаторите (Европска Унија, САД, држави членки на ЕУ и држави со кои се потпишани билатерални договори за соработки) во делот на учеството на граѓанските организации за кофинансирање.<br>**Показател**: Број на локални донатори кои се свесни за даночните олеснувања и ги поддржуваат граѓанските организации.<br>**Надлежна институција**: Министерство за финансии, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br>**Рок за спроведување**: 2 квартал 2022 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

Според информацијата од Секретаријатот за европски прашања при регистрирање на проекти во Централната база се впишува вкупната сума на грантот (со кофинансирањето) со кое што целосната сума на грантот е ослободена од плаќање на ДДВ. Меѓутоа во периодот на спроведување на оваа Стратегија, Министерството нема преземено конкретни чекори за спроведување на оваа активност.

<u>**Препорака**: Доколку оваа активност остане во следниот Акциски план, подобро да се дефинира индикаторот.</u>

| |
|---|
| **Активност 5.2.** Јавни консултации за презентирање на наодите/препораки од Анализата за можностите за ослободување од ДДВ за кофинансираниот дел на одобрените проекти поддржани од донаторите.<br>**Показател**: /<br>**Надлежна институција**: Министерство за финансии, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br>**Рок за спроведување**: 3 квартал 2022 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

Во рамките на проектот „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“, финансиран од Европската Унија, во февруари 2023 се одржа консултативен состанок за даночен третман на граѓанските организации, на кој беше презентиран компаративен преглед на практики од земјите членки на Европската унија и Република Северна Македонија за данокот на доход, данокот на додадена вредност (ДДВ) и даночен третман на филантропското давање. Последователни активности не беа преземени во 2024 година.

| |
|---|
| **Активност 5.3.** Формирање работна група за измени на законска рамка за данокот на додадена вредност во насока на ослободувања од ДДВ за кофинансиран дел на одобрените проекти поддржани од донаторите.<br>**Показател**: /<br>**Надлежна институција**: Министерство за финансии, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br>**Рок за спроведување**: 3 квартал 2022 |
| Активноста не е започната |

Министерство за финансии нема формирано работна група за измени на законската рамка за данокот на додадена вредност во насока на ослободување од ДДВ за кофинансираниот дел на одобрените проекти поддржани од донаторите.

[10] Вредноста на овој показател е утврдена врз основа на онлајн анкета со граѓанските организации. Анкетата беше спроведен од Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат во јануари 2025 година а одговори беа доставени од вкупно 203 организации.
[11] Вредноста на овој показател е утврдена врз основа на онлајн анкета со граѓанските организации. Анкетата беше спроведен од Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат во јануари 2023 година а одговори беа доставени од вкупно 296 организации.

**Оперативна цел 6. Унапредување на транспарентноста на финансиските активности на граѓанските организации**

*<u>Показател на успешност:</u> Јавно објавување на финансиските податоци од работењето на граѓанските организации, со прецизирана форма и содржина на годишните финансиски извештаи*

*<u>Статус</u>: Според резултатите од анкетата[12] со граѓанските организации, во 2024 година 68% јавно ги објавиле финансиските податоци од работењето кое што претставува подобрување на состојбата споредено со 2022 година, односно според резултатите на анкетата[13] 55,1% од организациите јавно ги објавиле финансиските податоци од работењето.*

| |
|---|
| **Активност 6.1.** Јавно објавување на финансиските податоци од работењето на граѓанските организации.<br>**Показател**: /<br>**Надлежна институција**: Министерство за финансии, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br>**Рок за спроведување**: 2 квартал 2022 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

Во рамките на проектот „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", финансиран од Европската Унија, подготвена е <u>Анализа и предлози поврзани со правната рамка за сметководство за граѓанските организации</u> во Македонија. Не се спроведени последователни активности во 2024 г.

| |
|---|
| **Активност 6.2.** Организирање на тематска тркалезна маса со претставници на непрофитните организации со цел да се разговара за напредокот и да се препорачаат дополнителни подобрувања за јавно-достапните информации за финансиските активности на непрофитните организации.<br>**Показател**: /<br>**Надлежна институција**: Министерство за финансии, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br>**Рок за спроведување**: 2 квартал 2022 |
| Активноста не е започната |

Не е спроведена тематска тркалезна маса со претставници на непрофитните организации со цел да се разговара за напредокот и да се препорачаат дополнителни подобрувања за јавно-достапните информации за финансиските активности на непрофитните организации.

**Оперативна цел 7. Подготовка на подобрена законска и подзаконска рамка за сметководството на непрофитните организации**

*<u>Показател на успешност</u>: Изготвени се измени на законските и подзаконските прописи за сметководството на непрофитните организации*

*<u>Статус</u>: Не се подготвени измени на законските и подзаконските прописи за сметководството на непрофитните организации.*

---

[12] Вредноста на овој показател е утврдена врз основа на онлајн анкета со граѓанските организации. Анкетата беше спроведен од Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат во јануари 2025 година а одговори беа доставени од вкупно 203 организации.

[13] Вредноста на овој показател е утврдена врз основа на онлајн анкета со граѓанските организации. Анкетата беше спроведен од Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат во јануари 2023 година а одговори беа доставени од вкупно 296 организации.

| |
|---|
| **Активност 7.1.** Консултации со граѓанските организации и другите непрофитни организации за идентификување на најсоодветниот модел на сметководство имајќи ги предвид спецификите на непрофитните субјекти.<br>**Показател**: Број на спроведени консултативни средби; Број на консултирани граѓански организации.<br>**Надлежна институција**: Министерство за финансии, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br>**Рок за спроведување**: 2 квартал 2022 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

Во рамките на проектот „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“, финансиран од Европската Унија, беа организирани две консултативни средби со околу 30 граѓански организации (една онлајн средба во ноември 2023 и средба во живо во март 2024 година за сметководствени стандарди за граѓански организации во земјите членки на ЕУ и правната рамка за сметководство за граѓанските организации во Македонија.

| |
|---|
| **Активност 7.2.** Подготовка на законска рамка за сметководството на непрофитните организации, согласно препораките и заклучоците од спроведените консултации.<br>**Показател**: /<br>**Надлежна институција**: Министерство за финансии, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br>**Рок за спроведување**: 2 квартал 2022 |
| Активноста не е започната |

До крајот на 2024 година, не се започнати активности во Министерство за финансии за изготвување на измени во законската рамка за сметководство на непрофитните организации согласно препораките и заклучоците од спроведените консултации.

| |
|---|
| **Активност 7.3.** Подготовка на подзаконска рамка за сметководството на непрофитните организации, вклучително и сметководствените конта, согласно препораките и заклучоците од спроведените консултации, за да овозможат пософодветно следење на развојот и финансиската одржливост на граѓанските организации.<br>**Показател**: /<br>**Надлежна институција**: Министерство за финансии, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br>**Рок за спроведување**: 4 квартал 2022 |
| Активноста не е започната |

До крајот на 2024 година, не се започнати активности во Министерство за финансии за изготвување на измени во законската рамка за сметководство на непрофитните организации согласно препораките и заклучоците од спроведените консултации.

| |
|---|
| **Активност 7.4.** Организирање на информативни сесии за донесените измени во правната рамка за сметководство на непрофитните организации.<br>**Показател**: Спроведени најмалку четири информативни сесии со граѓанските организации и институциите за донесените измени на правната рамка, со соодветно толкување на новите одредби.<br>**Надлежна институција**: Министерство за финансии, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br>**Рок за спроведување**: 4 квартал 2022 и 1 квартал 2023 |
| Активноста не е започната |

До крајот на 2024 година, не се спроведени информативни сесии, не се донесени измени во правната рамка за сметководство на непрофитните организации.

## Стратешка цел 4. Унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации

*<u>Показател на влијание:</u> Оценка на финансиската одржливост на граѓанските организации според Индексот на одржливост на граѓанското општество за Северна Македонија.*

*<u>Статус</u>: Нема достапни податоци*

**Оперативна цел 8. Унапредување на моделот за финансирање на граѓанските организации од буџетот на државата**

*<u>Показател на успешност</u>: Усвоен е модел за финансирање на граѓанските организации од буџетот на државата што го поттикнува развојот на граѓанското општество*

*<u>Статус</u>: Не е усвоен модел за финансирање на граѓанските организации од буџетот на државата што го поттикнува развојот на граѓанското општество*

| |
|---|
| **Активност 8.1.** Зголемување на уделот на државно финансирање од централниот буџет и од буџетите на единиците на локална самоуправа, со цел да се достигне удел од 30% (околу 2 милијарди денари) во вкупните приходи на граѓанските организации до 2024 година.<br>**Показател**: Во процесот на буџетско планирање во државата организирани се консултации со граѓански организации за планирање на буџетот; Усвоен е Буџет на Република Северна Македонија со вкупно зголемен процент на планирани средства за финансирање на граѓанските организаци (20% од вкупните приходи на граѓанските организации во 2022 година, 25% во 2023 година и 30% во 2024 година) и предвидени се финансиски средства за воспоставување и функционирање на Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество и кофинансирање на проекти на Европската Унија.<br>**Надлежна институција**: Министерство за финансии, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br>**Рок за спроведување**: 2022 - 20% 2023 - 25% 2024 - 30% |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

Согласно извештаите за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од Владата, органите на државна управа и единиците на локална самоуправа во 2022 и 2023 година[14], подготвени од Генералниот секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации, финансиската поддршка за граѓанските организации во 2022 изнесува 994.454.416 денари за 2.550 проекти/програми на здруженија и фондации, што претставува **7,93%** од вкупните приходи на граѓанските организации во 2022, додека пак во 2023 година изнесувала 1.346.631.075 денари за 2.331 проекти/програми на граѓанските организации што претставува **9.89%** од вкупните приходи на граѓанските организации во 2023 година. Во моментот на изготвување на оваа анализа нема извештај или податоци достапни за 2024 г.

Не се спроведуваат консултации со граѓанските организации во процесот на буџетско планирање. Редовно се организираат онлајн консултациите со граѓанските организации при изготвување на годишната Програма за работа на Владата а до 2022 се спроведуваа консултации со Советот за Предлог-Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации но предлозите од Советот за Програмата за 2022 не беа земени предвид, што беше една од причините за бојкотот на работењето на Советот од страна на членките на Советот од редог на граѓански организации.

[14] Извор: Извештајот за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од Владата на Република Северна Македонија, органите на државна управа и единиците на локална самоуправа во 2022 година https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/1072024_Izveshtaj%20za%20finansiranje%202023.pdf

**Препорака**: Доколку оваа активност остане во следниот Акциски план, треба подобро да се дефинираат индикаторите и/или активноста.

| |
|---|
| **Активност 8.2.** Воведување на механизми со кои ќе се осигура дека планирањето на средствата за финансирање на граѓанските организации ќе биде исклучиво на контото 463, а само во исклучителни и специфични случаи тоа ќе се врши преку други конта во Буџетот на Република Северна Македонија.<br>**Показател**: Во Буџетот на Република Северна Македонија сите средства за финансирање на граѓанските организации се испланирани на контото 463.<br>**Надлежна институција**: Министерство за финансии, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br>**Рок за спроведување**: 3 квартал 2022 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

При подготвување на Буџетот се прават напори средствата за финансирање на граѓански организации да бидат на контото 463, сепак не се воведени механизми со кои ќе се осигура дека планирањето на средствата за финансирање на ГО ќе биде исклучиво од контото 463.

| |
|---|
| **Активност 8.3.** Трансформација на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите во хоризонтален и задолжителен подзаконски акт за сите органи на државната управа. Измените и дополнувањата на Кодексот, пред се', ќе треба да се фокусираат на одредбите што се покажале како слабост: планирањето на средствата (задолжителни консултации за приоритетите), одлучувањето (независни комисии, регулирање на конфликтот на интереси, вклучување експерти и претставници на граѓански организации), објавувањето на резултатите и правото на жалба, мониторинг и евалуација итн.<br>**Показател**: Изменети се одредби во Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите, а кои се однесуваат на: планирањето на средствата (број на одржани задолжителни консултации за утврдување на приоритетите за повиците), одлучувањето за доделување финансиски средства за граѓански организации (број на воспоставени независни комисии, број на акти со кои е регулиран конфликтот на интереси, број на вклучени експерти и преставници на граѓански организации во одлучувањето за доделување средства), објавувањето на резултатите и правото на жалба, мониторинг и евалуација итн.<br>**Надлежна институција**: Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br>**Рок за спроведување**: 3 квартал 2023 |
| Активноста не е започната |

Во периодот 2022-2024 година не се спроведени активности за трансформација на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите во хоризонтален и задолжителен подзаконски акт за сите органи на државната управа.

**Препорака**: Се препорачува оваа активност да остане во следниот Акциски план и да се додаде индикатор за мерење на трансформацијата на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија и фондации во хоризонтален и задолжителен подзаконски акт за сите органи на државната управа.

**Препорака**: Во рокот за спроведување да се додаде дека континуирано треба да се следи спроведувањето на Кодексот.

**Активност 8.4.** Измени на Законот за игрите на среќа и за забавните игри (да се интервенира во членот 16 од Законот каде што: 1) се додава развој на граѓански организации регистрирани по Законот за здруженија и фондации, како основа за дополнително финансирање (проширување на опфатот); 2) износот на средствата се определува на најмногу 50% од вкупниот приход од игрите на среќа и забавните игри утврден во претходната календарска година, но не помалку од 120 милиони денари; и 3) распределбата на финансирање на институционалната поддршка на организациите основани врз основа на Законот за здруженија и фондации ја врши Фонд основан со посебен закон, кој ја извршува функцијата за поддршка, унапредување и развој на граѓанското општество).
**Показател**: Усвоени се измени на Законот за игрите на среќа и за забавните игри во партиципативен и консултативен процес со граѓански организации кадешто е: 1) додаден развојот на граѓанските организации регистрирани по Законот за здруженија и фондации, како основа за дополнително финансирање (проширување на опфатот на Законот); 2) износот на средствата се определува на најмногу 50% од вкупниот приход од игрите на среќа и забавните игри утврден во претходната календарска година, но не помалку од 120 милиони денари и не повеќе од 150 милиони денари; и 3) распределбата на финансирање на институционалната поддршка на организациите основани врз основа на Законот за здруженија и фондации ја врши Фонд основан со посебен закон, кој ја извршува функцијата за поддршка, унапредување и развој на граѓанското општество.
**Надлежна институција**: Министерстсво за финансии, Министерство за труд и социјална политика, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество
**Рок за спроведување**: 1 квартал 2024

Активноста не е започната

Во периодот 2022-2024 оваа активност воопшто не е започната.

**Активност 8.5.** Подготовка на правна рамка за формирање на независен Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество и кофинансирање на проекти финансирани од Европската Унија, со што ќе се воспостави транспарентен и доверлив модел за државно финансирање.
**Показател**: Усвоена е правна рамка за воспоставување Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество и кофинансирање на проекти финансирани од Европската Унија, кој располага со буџет за поддршка и развој на граѓанските организации и има посебна програма во сопствениот буџет со која ќе се поддржуваат организациите кои имаат добиено проекти финансирани од Европската Унија; Изработена е функционална анализа; Воспоставен е функционален Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество и кофинансирање на проекти финансирани од Европската Унија (распишан конкурс за органите на Фондот, Одлука за избор на органите на Фондот, број на одржани работни средби на органите на Фондот, усвоени програмски документи на Фондот, подготвени и усвоени процедури за јавна внатрешна финансиска контрола и отчетност во работењето и сл.).
**Надлежна институција**: Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации, Министерство за финансии, Министерство за правда, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество
**Рок за спроведување**: од 2 квартал 2022 до 3 квартал 2023

Активноста е започната, но не е спроведена

Работната група за реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации даде предлог-одредби на Законот за здруженија и фондации во делот Државна поддршка на организациите и Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество кои се разгледани и поддржани од Работната група на Министерството за правда за изработка на Закон за здруженија и фондации во декември 2023 година.

## Приоритетна област 2. Демократизација, активно учество на граѓанскиоте организации во општествените процеси, во креирањето и следењето на политиките, со посебен фокус на процесот на интеграција во Европската Унија

Втората приоритетна област содржи три стратешки цели, девет оперативни цели со вкупно 31 активност посветени на зголемување на вклученоста на граѓанските организации во процесот на креирање, спроведување, следење и оценување на политиките како и нивно вклучување во процесите на европска интеграција на државата. **Од вкупно 31 активност, 13 активности (42%) целосно се спроведени или пак континуирано биле спроведувани, шест активности (19,3) се започнати но не се спроведени целосно, додека пак 12 (38,7%) не се започнати**.

Нема напредок во процесот на консултации и учество на граѓанските организации во креирањето јавни политики. Не се почнати активности за трансформација на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики во задолжителен подзаконски акт за сите органи на државната управа, а иако имаше дискусии се уште не е донесен модел за вклучување и избор на граѓанските организации во работните групи на органите на државната управа. Иако во 2023 година имаше подобрување во нивото на објавување на предлог-законите на ЕНЕР од страна на министерствата, сепак состојбата значително се влоши во 2024 година.

Имаше делумен напредок во зајакнување на партнерството во процесите поврзани со европската интеграција, односно во 2022 г. Секретаријатот за европски прашања преку отворен повик подготви регистар на граѓански организации кои што ќе бидат вклучени во пристапните преговори со Европската Унија и истиот може да се ажурира но регистарот не е јавно достапен и не се базира на модел за учество на граѓанското општество во пристапните процеси бидејќи таков модел се уште не е усвоен од Владата. Не се започнати активности за унапредување на правната рамка за правото на мирно собирање.

Надлежни иститиции за спроведување на активносите од оваа приоритетна област се: Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество (едно од надлежните тела за спроведување на 15 активности), Министерство за правда (една од надлежните институции за 14 активности), Генерален секретаријат – организациона единица за соработка со граѓанските организации (една од надлежните институции за 12 активности), Министерство за информатично општество и администрација (една од надлежните институции за девет активности), Секретаријат за европски прашања (една од надлежните институции за осум активности),и др.

## Стратешка цел 5. Зголемување на вклученоста на граѓанските организации во процесот на креирање, спроведување, следење и оценување на политиките

*Показател на влијание: Оценка за застапување според Индексот на одржливост на граѓанското општество за Северна Македонија*

*Статус:Нема достапни податоци*

**Оперативна цел 9. Унапредување на процесот на консултации и учество на граѓанските организации во креирањето јавни политики**

*Показател на успешност: Зголемено непосредно учество на граѓанските организации во процесите на креирање политики (Број на претставници на граѓански организации членови на работни групи на органите на државната управа, Број на доставени иницијативи од граѓански организации до институциите)*

*Статус: Во 2023 година, органите на државната управа формирале 30 работни групи за изготвување на предлог-закони а во девет (30%) од нив имало претставници на граѓанските организации[15]. Има мало уназадување во споредба со состојбата во 2021 година, кога во 16 од вкупно 46 работни групи формирани за изготвување на предлог закони членувале претставници на граѓанските организации (35%).[16]*

| |
|---|
| **Активност 9.1.** Трансформација на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики во хоризонтален и задолжителен подзаконски акт за сите органи на државната управа.<br>**Показател**: Подзаконскиот акт за учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики е задолжителен акт за органите на државната управа.<br>**Надлежна институција**: Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации<br>**Рок за спроведување**: 3 квартал 2022 |
| Активноста не е започната |

Во периодот 2022-2024 оваа активност не е започната.

| |
|---|
| **Активност 9.2.** Изработка на модел за вклучување и избор на граѓанските организации во работните групи на органите на државната управа и тела воспоставени со стратешки документи.<br>**Показател**: Подзаконскиот акт за учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики е дополнет со одредби за избор на граѓански организации во работни групи и тела воспоставени со стратешки документи.<br>**Надлежна институција**: Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации<br>**Рок за спроведување**: 3 квартал 2022 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

Во рамките на проектот „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“, финансиран од Европската Унија, во мај 2023 година се одржа дискусија на тема „Учество на граѓанските организации и граѓаните во процесот на креирање политики”. Не се направени последователни активности за дополнување на Кодексот/подзаконскиот акт за учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики.

---

[15] Извор: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/Izveshtaj%20za%20procesot%20na%20konsultacii%202023.pdf

[16] Извор: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/banner/Izveshtaj%20konsultacii%20so%20GO%202021%2021.9.22.pdf

| |
|---|
| **Активност 9.3.** Унапредување на соработката со постојните ефективни тематски мрежи на граѓанските организации за структуриран дијалог во процесот на креирање, спроведување, следење и оценување на политиките.<br>**Показател**: Број на одржани консултативни средби на органите на државната управа со тематски мрежи на граѓански организации.<br>**Надлежна институција**: Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации<br>**Рок за спроведување**: 3 квартал 2022 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

Врз основа на online-анкета спроведена во март 2023, во рамки на проектот „ЕУ поддршка за Граѓанскиот ресурсен центар – фаза 2", финансиран од Европската унија, креирана е јавно достапна база на мрежи на граѓански организации - Адресар од мрежи на граѓански организации[17] во која што има регистрирано 101 мрежи на граѓански организации.

Не е достапен податок за вкупен број на одржани консултативни средби на органите на државната управа со тематски мрежи на граѓански организации, бидејќи достапните податоци за одржани консултативни средби се со граѓански организации во кои што спаѓаат и мрежите. На пример, при изработката на Националната стратегија за млади 2023-2027, Агенција за млади и спорт одржа низа консултативни средби со младински организации вклучувајќи и мрежи на младински организации.

**Препорака**: Оваа активност треба да се спроведува континуирано.

| |
|---|
| **Активност 9.4.** Спроведување на програма за обука за административните службеници за ефективно учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики.<br>**Показател**: Број на организирани обуки и број на учесници на обуките за ефективно учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики.<br>**Надлежна институција**: Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации<br>**Рок за спроведување**: 3 квартал 2022 |
| Активноста не е започната |

Не е спроведена програма за обука за административните службеници за ефективно учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики.

**Препорака**: Оваа активност треба да се спроведува континуирано.

### Оперативна цел 10. Ефективни консултации со засегнатите страни во процесот на проценка на влијанието на регулативата

*Показател на успешност: Процент на Извештаи за проценка на влијанието на регулативата објавени на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) кои содржат информации за спроведени консултации, со преглед на добиени и вградени мислења и образложение за мислењата што не биле земени предвид.*

*Статус: Во 2023 имаше подобрување на состојбата на објавување на предлог-законите на ЕНЕР од страна на органите на државната управа, меѓутоа има драстичен пад на овој процент во 2024 година. (2024: 35%; 2023: 51%; 2022: 37%; 2021: 41%). Извештаите за проценка на влијанието на регулативата објавени на ЕНЕР не содржат или делумно содржат преглед на добиени и вградени мислења и образложение за мислењата што не биле земени предвид.*

[17] Извор: https://rcgo.mk/mrezhi/

| |
|---|
| **Активност 10.1.** Поттикнување на користењето на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) преку спроведување јавни кампањи за можностите за користење на ЕНЕР.<br>**Показател**: Број на спроведени јавни кампањи за можностите за користење на ЕНЕР; Процент на предлог-закони објавени на ЕНЕР; Процент на предлог-закони објавени на ЕНЕР за кои е почитуван рокот за консултации од 20 дена; Процент на предлог-закони за кои се доставени коментари на ЕНЕР од граѓански организации.<br>**Надлежна институција**: Министерство за информатичко општество и администрација, Генерален секретаријат<br>**Рок за спроведување**: 4 квартал 2022, континуирано |
| Активноста се спроведуваше континуирано |

Во рамки на проектот „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2", финансиран од Европската унија, во 2023 година беа спроведени три информативни сесии со над 50 граѓански организации на тема „Учество на граѓанските организации во креирање политики", на кои беа споделени и наодите од извештајот „Огледало на Владата: Учество на јавноста во процесите на подготовка на законите, Годишен извештај од следење на ЕНЕР во 2022 година"[18]. Преку истиот проект редовно се споделуваат со граѓанските организации информации за предлог-закони објавени на ЕНЕР за консултација со јавноста.

Во 2023 година, биле поднесени вкупно 72 предлог-закони од Владата до Собранието за кои што имало обврска да бидат ставени на ЕНЕР, а за 37 од нив (51%) претходно бил објавен текстот на нацрт-законот на ЕНЕР[19]. Од вкупно 37 предлог-закони утврдени на седница на Владата доставени до Собрание во 2023г., а претходно објавени на ЕНЕР, само во еден случај не е испочитуван минималниот рок од 20 дена за консултации на ЕНЕР, односно процентот на почитување на минималниот рок од 20 дена за консултации е 97%. Поставени се вкупно 204 коментари за 36 од вкупно 59 објавени предлог-закони на ЕНЕР во 2023г, односно 61% од предлог-законите ставени на ЕНЕР за консултации се коментирани од јавноста. Во 2024 година, процентот на предлог-закони кои биле ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста паѓа за 16 процентни поени, односно од 51% на 35%. Минималниот рок за консултации за предлог-законите објавени на ЕНЕР е испочитуван целосно.

| |
|---|
| **Активност 10.2.** Подобрување на квалитетот на подготовка на извештаите за проценка на влијанието на регулативата преку детално образложение на процесот на консултации.<br>**Показател**: Процент на предлог-закони објавени на ЕНЕР за кои е почитуван рокот за консултации од 20 дена; Процент на предлог-закони за кои се доставени коментари на ЕНЕР од граѓански организации.<br>**Надлежна институција**: Министерство за информатичко општество и администрација, Генерален секретаријат<br>**Рок за спроведување**: 4 квартал 2022, континуирано |
| Активноста се спроведуваше континуирано |

Во мај 2023, Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со СИГМА спроведе дводневна работилница на тема „Подобрување на квалитетот на проценката на влијанието на регулативата (ПВР) во Северна Македонија" на која учествуваа 35 државни службеници. На работилницата се дискутираше и за квалитетот на подготовка на Извештаите за ПВР со детално образложение за начинот на пополнување на делот 5. Консултации. Во ноември 2023, со поддршка на СИГМА се одржа работилница „Унапредување на квалитетот на регулативата и донесувањето на

[18] Извор: https://rcgo.mk/vesti/preku-gragansko-uchestvo-vo-kreiranje-politiki-do-transparentna-i-inkluzivna-vlast/

[19] Годишниот извештај Огледало на Владата: Учество на јавноста во процесите на подготовка на законите, Годишен извештај од следењето на ЕНЕР во 2023 година, достапен на: https://rcgo.mk/wp-content/uploads/2024/05/ogledalo-na-vladata-2023.pdf

одлуките на Владата на Република Северна Македонија“, за вработените во Генералниот секретаријат.

**Препорака**: Доколку оваа активност остане во следниот Акциски план треба да се дефинира нов индикатор за следење на квалитетот на подготовка на извештаите за проценка на влијанието на регулативата.

## Стратешка цел 6. Зајакнување на партнерството во процесите поврзани со европската интеграција

*Показател на влијание: Оценка за застапување според Индексот на одржливост на граѓанското општество за Северна Македонија*

*Статус: Нема достапен податок*

**Оперативна цел 11. Вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската Унија**

*Показател на успешност: Граѓанските организации се вклучени во процесот на подготовка на преговарачките позиции и преговори со Европската Унија согласно усвоен модел за учество на граѓанското општество во процесот на пристапни преговори со Европската Унија*

*Статус: Во периодот 2022-2024 не беше усвоен модел за учество на граѓанските организации во процесот на пристапни преговори со Европската Унија.*

| |
|---|
| **Активност 11.1.** Усвојување на модел за учество на граѓанското општество во процесот на пристапни преговори со Европската Унија.<br>**Показател**: Моделот за вклучување на граѓанското општество во процесот на преговори е подготвен врз основа на сеопфатни анализи и по консултации со граѓанскиот сектор; Моделот е усвоен од Владата како официјален документ.<br>**Надлежна институција**: Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации, Секретаријат за европски прашања<br>**Рок за спроведување**: 2 квартал 2022 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

Во март 2023 година, Секретаријатот за европски прашања одржа конференција на тема „Граѓанските организации – катализатори на европската интеграција на Северна Македонија", со цел дефинирање на соработката и учеството на граѓанскиот сектор во процесот на преговори со ЕУ. На настанот беа презентирани и дискутирани моделите за вклученост на граѓанскиот сектор во преговорите за членство во Европската Унија.[20] Меѓутоа, не е усвоен модел за учество на граѓанското општество во процесот на пристапни преговори со Европската Унија.

| |
|---|
| **Активност 11.2.** Инфокампања за вклучување на граѓанските организации во пристапните преговори со ЕУ согласно усвоениот модел.<br>**Показател**: /<br>**Надлежна институција**: Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации, Секретаријат за европски прашања<br>**Рок за спроведување**: 3 квартал 2022 |
| Активноста не е започната |

| |
|---|
| **Активност 11.3.** Изработка на регистар на граѓански организации согласно овој модел кои што ќе бидат вклучени во процесот на пристапните преговори со Европската Унија.<br>**Показател**: Воспоставен е регистар на граѓански организации за учество процесот пристапни преговори со Европската Унија; Број на пријавени граѓански организации во регистарот.<br>**Надлежна институција**: Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации, Секретаријат за европски прашања<br>**Рок за спроведување**: 3 квартал 2022 |
| Активноста е спроведена во 2022 |

[20] Извор: https://www.sep.gov.mk/post/?id=13383

Во ноември 2022 година, Секретаријатот за европски прашања отвори јавен повик[21] за пријавување на заинтересирани граѓански организации за создавање на регистар/база на граѓански организации за консултации за процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија кон Европската Унија. Базата на граѓански организации за консултации за процесот на преговори не е јавно достапна.

**Препорака**: Се предлага во следниот Акциски план да се вклучи активност за редовно ажурирање на овој регистар на граѓански организации и истиот да биде јавно достапен.

**Оперативна цел 12. Унапредување на моделот за избор на претставници од граѓанското општество во секторските работни групи**

*Показател на успешност: Усвоен е модел за избор на претставници на граѓанското општество што се применува во сите секторски работни групи*

*Статус: Во периодот 2022-2024 година, не е усвоен модел за избор на претставници на граѓанското општество што се применува во сите секторски работни групи.*

| |
|---|
| **Активност 12.1.** Спроведување на широки консултации за конципирање на модел на избор на претставници од граѓанското општество во секторските работни групи.<br>**Показател**: Спроведени широки консултации со граѓанските организации (четири консултативни средби од кои една на национално и три на локално ниво со опфаќање на повеќе од 70 претставници на граѓански организации).<br>**Надлежна институција**: Секретаријат за европски прашања, Министерство за локална самоуправа, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно поланирање, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за фианансии, Министерство за здравство, Кабинет на заменикот на претстедателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресори<br>**Рок за спроведување**: 1 квартал 2022 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

Не се спроведени широки консултации за концепирање на модел на избор на претставници од граѓанското општество во секторските работни групи. Во март 2023 година Секретаријатот за европски прашања одржа конференција на тема „Граѓанските организации – катализатори на европската интеграција на Северна Македонија“, со цел дефинирање на соработката и учеството на граѓанскиот сектор во процесот на преговори со ЕУ.

| |
|---|
| **Активност 12.2.** Подготовка на концепт за модел на избор на претставници од граѓанското општество во секторските групи.<br>**Показател**: /<br>**Надлежна институција**: Секретаријат за европски прашања, Министерство за локална самоуправа, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно поланирање, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за фианансии, Министерство за здравство, Кабинет на заменикот на претстедателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресори<br>**Рок за спроведување**: 1 квартал 2022 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

[21] Извор: https://www.mep.gov.mk/post/?id=13292

Иако има идеи од граѓанските организации за концептот за моделот за избор на претставници од граѓанските организации во секторските групи, сепак не се спроведени активности за подготовка на моделот.

| |
|---|
| **Активност 12.3.** Измена и дополнување на Деловници за работа на секторските работни групи.<br>**Показател**: Предложениот концепт е вклучен во 12 деловници за работа на секторските работни групи.<br>**Надлежна институција**: Секретаријат за европски прашања, Министерство за локална самоуправа, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно поланирање, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за фианансии, Министерство за здравство, Кабинет на заменикот на претстедателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресори<br>**Рок за спроведување**: 1 квартал 2022 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

Изготвени се нацрт Деловници за работа на Секторските работни групи но не се донесени измените и дополнувањата на Деловниците за работа на секторските работни групи.

| |
|---|
| **Активност 12.4.** Јавно и транспарентно објавување на повиците за избор на членови во секторските работни групи.<br>**Показател**: Број на претставници на граѓанските организации избрани во секторските работни групи.<br>**Надлежна институција**: Секретаријат за европски прашања, Министерство за локална самоуправа, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно поланирање, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за фианансии, Министерство за здравство, Кабинет на заменикот на претстедателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресори<br>**Рок за спроведување**: 1 квартал 2022 |
| Активноста се спроведуваше континуирано |

Во 2022 година, во 11 од вкупно 12 секторски работни групи имало 92 претставници од граѓанските организации, додека Конкурентност и иновации била единствена секторска работна група без претставници од граѓанските организации[22]. Во 2024 година, граѓанските организации учествуваат во работата на сите 12 секторски работни групи.

**<u>Препорака</u>**: Оваа активност треба да се спроведува континуирано.

| |
|---|
| **Активност 12.5**. Јавно објавување на записници и останати материјали и документи поврзани со работата на секторските работни групи.<br>**Показател**: Број на објавени информации и материјали поврзани со работата на секторските работни групи по министерства.<br>**Надлежна институција**: Секретаријат за европски прашања, Министерство за локална самоуправа, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно поланирање, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за фианансии, Министерство за здравство, Кабинет на заменикот на претстедателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресори<br>**Рок за спроведување**: 1 квартал 2022 |
| Активноста се спроведуваше континуирано |

[22] Извор: https://makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=483087

На веб-страниците на министерствата се објавуваат информации и материјали поврзани со работата на секторските работни групи (СРГ), како на пример: СРГ за образование, вработување и социјална политика[23][24], СРГ за локален и регионален развој[25], СРГ за земјоделство и рурален развој[26], СРГ во областа правда[27] итн. Информации за седниците, вклучувајќи календар на пленарни состаноци на сите секторските работни групи се објавуваат на веб-страната на Секретаријат за европски прашања.

**Препорака**: Оваа активност треба да се спроведува континуирано.

### Оперативна цел 13. Поддршка за зголемување на опфатот на дигиталната трансформација на граѓанските организации

*Показател на успешност: Зголемување за 10% на бројот на граѓански организации кои применуваат дигитални алатки за истражување, овозможување услуги и во оперативно-административна смисла.*

*2022: 61,8% од анкетираните граѓански организации применувале дигитални алатки за истражување, овозможување услуги и во оперативно-административна смисла[28].*

*2024: 75% од анкетираните организации применувале дигитални алатки за истражување, овозможување услуги и во оперативно-административна смисла[29].*

| |
|---|
| **Активност 13.1**. Мапирање и споделување на добри практики на дигитална трансформација на граѓанските организации.<br>**Показател**: Број на обуки кои што ќе се реализираат со граѓански организации во насока на зголемување на дигиталните капацитети и вештини, како и користење на дигитални алатки.<br>**Надлежна институција**: Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Министерство за информатичко општество и администрација<br>**Рок за спроведување**: 2 квартал 2022 |
| Активноста се спроведуваше континуирано |

Фондацијата Метаморфозис редовно организира годишни конференции Е-Општество.мк[30] а во 2024 година тема на конференцијата беше Дигиталната трансформација за подобар живот.

Во октомври 2024 година организирана е онлајн дебата со 33 претставници на граѓански организации за споделување на добри практики на дигитална трансформација во рамки

[23] Извор: https://www.mtsp.gov.mk/srg-obrazovanie-vrabotuvanje-i-socijalna-politika.nspx

[24] Извор: https://www.mtsp.gov.mk/noemvri-2024-ns_article-petnaesetti-plenaren-sostanok-na-sektorskata-rabotna-grupa-vo-oblastite-obrazovanie-vrabotuvanje-i-s.nspx

[25] Извор: https://mls.gov.mk/mk/%D0%B8%D0%BD%D1%84%D0%BE%D1%80%D0%BC%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%B8/%D0%B2%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B8/167-%D0%B8%D0%BD%D1%84%D0%BE%D1%80%D0%BC%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%B8/%D0%B2%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B8/2587-%D1%81%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BD%D0%BE%D0%BA-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BE%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%BD%D0%B0-%D0%B3%D1%80%D1%83%D0%BF%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BB%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D0%B8-%D1%80%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98

[26] Извор: https://www.mzsv.gov.mk/%D0%9F%D0%BE%D1%87%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%B0/%D0%A0%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%BD%D0%B8_%D0%B3%D1%80%D1%83%D0%BF%D0%B8/%D0%A1%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BE%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%B0_%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%BD%D0%B0_%D0%B3%D1%80%D1%83%D0%BF%D0%B0_%D0%B7%D0%B0_%D0%B7%D0%B5%D0%BC%D1%98%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE_%D0%B8_%D1%80%D1%83%D1%80%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD_%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98.aspx

[27] Извор: https://www.pravda.gov.mk/vest/6800

[28] Вредноста на овој индикатор е утврдена врз основа на онлајн анкета со граѓанските организации. Анкетата беше спроведен од Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат во јануари 2023 година а одговори беа доставени од вкупно 296 организации.

[29] Вредноста на овој показател е утврдена врз основа на онлајн анкета со граѓанските организации. Анкетата беше спроведен од Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат во јануари 2025 година а одговори беа доставени од вкупно 203 организации.

[30] Извор: https://metamorphosis.org.mk/e-society/

на проектот „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2”, финансиран од Европската Унија.

**Препорака**: Оваа активност треба да се спроведува континуирано.

| |
|---|
| **Активност 13.2**. Зголемување на опфатот на дигитална трансформација на граѓанските организации.<br>**Показател**: Број на обуки кои што ќе се реализираат со граѓански организации во насока на зголемување на дигиталните капацитети и вештини, како и користење на дигитални алатки.<br>**Надлежна институција**: Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Министерство за информатичко општество и администрација<br>**Рок за спроведување**: 2 квартал 2022 |
| Активноста се спроведуваше континуирано |

Во рамки на проектот „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2” снимена е онлајн обука за дигитална трансформација на граѓанските организации која што е достапна за сите заинтересирани организации. Во рамки на истиот проект, во декември 2024 година беше организирана обука за 21 организација на тема дигитална трансформација на граѓанските организации.

**Препорака**: Оваа активност треба да се спроведува континуирано.

### Оперативна цел 14. Развој на систем за следење на околината во која се развива граѓанското општество

*Показател на успешност: Воспоставен е систем за следење на околината во која се развива граѓанското општество што навремено алармира кога има влошување на состојбите во граѓанското општество*

*Статус: Постои матрица за следење на опкружувањето во кое функционираат граѓанските организации.*

| |
|---|
| **Активност 14.1**. Изработка на матрица со индикатори и механизми за прибирање на податоци.<br>**Показател**: /<br>**Надлежна институција**: Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации во соработка со граѓански организации<br>**Рок за спроведување**: 4 квартал 2023 |
| Активноста е спроведена во 2022 |

Постои матрица за следење на опкружувањето во кое функционираат граѓанските организации заедно со механизам за прибирање на податоци изготвени од Македонски центар за меѓународна соработка. Мониторинг матрицата ја следи состојбата на овозможувачката околина за граѓанските организации во однос на трите клучни области: Основни законски гаранции на слободите, Рамка за финансиска одржливост на граѓанските организации и Односите Влада-граѓански организации.

| |
|---|
| **Активност 14.2**. Редовно прибирање на податоци.<br>**Показател**: /<br>**Надлежна институција**: Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации во соработка со граѓански организации<br>**Рок за спроведување**: 4 квартал 2023 |
| Активноста се спроведуваше континуирано |

Редовно се прибираат податоци преку анкета со граѓанските организации и онлајн пребарувања (desk research).

**Препорака**: Оваа активност треба да се спроведува континуирано.

**Активност 14.3**. Подготовка на годишен преглед на состојбите во граѓанското општество.
**Показател**: /
**Надлежна институција**: Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации во соработка со граѓански организации
**Рок за спроведување**: 1 квартал 2024

Активноста се спроведуваше континуирано

Изготвен е годишен Извештај за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество за 2022[31] и за 2023[32] година.

**Препорака**: Оваа активност треба да се спроведува континуирано.

**Оперативна цел 15. Воспоставување превентивен механизам против говор на омраза**

*Показател на успешност: Воспоставен е сеопфатен едукативен превентивен механизам против говор на омраза*

*Статус: Воспоставен е едукативен превентивен механизам против говор на омраза.*

**Активност 15.1**. Воспоставување на сеопфатен едукативен превентивен механизам во основното и средното образование, во рамки на граѓанското образование, со цел прифаќање на различностите и рано надминување на предрасудите.
**Показател**: Воспоставен сеопфатен едукативен превентивен механизам во рамки на граѓанското општество.
**Надлежна институција**: Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Министерство за образование и наука, Министерство за внатрешни работи
**Рок за спроведување**: 4 квартал 2022

Активноста е спроведена во 2022

Со поддршка на Македонскиот центар за граѓанско образование развиен е нов Концепт за граѓанско образование во основно образование кој е одобрен од Бирото за развој на образованието (БРО) и усвоен од Министерството за образование и наука како водечки документ за поттикнување на граѓанска култура. Врз основа на Концептот ревидирани се наставните програми за граѓанско образование за осмо и деветто одделение основно образование, како и наставната програма за прва година средно стручно образование. Новите наставни програми се применуваат во сите основни и средни стручни училишта. Заедно со ревидираната наставна програма,развиени се и материјали за предавање и учење. Повеќе од 450 наставници се обучени да предаваат согласно новите наставни програми.

**Активност 15.2**. Поддршка и спроведување на јавни кампањи за сензибилизација на јавноста за прифаќање на различностите, базирани на толеранција и почитување.
**Показател**: Број на едукативни кампањи за превенирање говор на омраза.
**Надлежна институција**: Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Министерство за образование и наука, Министерство за внатрешни работи
**Рок за спроведување**: 4 квартал 2022

Активноста се спроведуваше континуирано

[31] Извор: https://rcgo.mk/wp-content/uploads/2023/08/north-macedonia-mm-brief-2022.pdf

[32] Извор: https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/2594-izveshtaj-za-ovozmozhuvachkata-okolina-za-razvoj-na-gragjanskoto-opshtestvo-2023.html

Во 2022 година се спроведени 40 кампањи за превенирање на говор на омраза. Во 2023 година, полициските службеници спровеле 229 едукативни предавања за превенирање на говор од омраза.[33]

**Препорака**: Оваа активност треба да се спроведува континуирано.

| |
|---|
| **Активност 15.3.** Систематски обуки за вработените во Министерството за внатрешни работи во делот на говор на омраза и криминалитет од омраза, нивна проактивна улога во делот на следењето на говорот на омраза на социјалните медиуми и навремена реакција и пријавување на ваквите дела.<br>**Показател**: Број на обуки за вработени во Министерството за внатрешни работ во делот на говор на омраза и криминалитет од омраза.<br>**Надлежна институција**: Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Министерство за образование и наука, Министерство за внатрешни работи<br>**Рок за спроведување**: 4 квартал 2022 |
| Активноста се спроведуваше континуирано |

Во 2022 година со поддршка на ОБСЕ спроведени се 4 обуки за вработени во МВР во делот на говор на омраза и криминалитет од омраза и тоа: две заеднички обуки за полициски службеници и јавни обвинители за постапување во врска со делата сторени од предрасуди/омраза. Дополнително, спроведени се две обуки за 40 полициски службеници (по 20 од СВР Скопје и СВР Куманово) на тема превенција на говор од омраза и родови стереотипи кај младите.

Во 2023 година спроведена е обука на 29 полициски службеници на тема Без омраза – No hate и системска обука на 73 полициски службеници во делот на говор на омраза и криминалитет од омраза, нивна проактивна улога во делот на следењето на говорот на омраза и социјалните медиуми и навремена реакција и пријавување на вакви дела.[34]

**Препорака**: Оваа активност треба да се спроведува континуирано.

## Стратешка цел 7.Унапредување на правната рамка за правото на мирно собирање и непосредно учество на граѓаните во одлучувањето

*Показател на влијание: Усвоени измени на правната рамка за мирно собирање и непосредно учество на граѓаните, во одлучувањето во согласност со меѓународните стандарди.*

*Статус: Не се донесени потребните измени на правната рамка.*

**Оперативна цел 16. Обезбедување правна рамка за правото на мирно собирање во согласност со меѓународните стандарди и нејзина ефективна имплементација**

*Показател на успешност: Намалување на соодносот помеѓу: најавени и ненајавени јавни собири; бројот на поднесени пријави за пречекорување на полициски овластувања и употреба на прекумерна сила и пријави за кои од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е утврдено дека се основани; бројот на пријави по кои постапувало Одделението за*

[33] Извор: Нацрт-Извештај за спроведување Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022 – 2024, во 2023 година, достапен на: https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/990

[34] Извор: Нацрт-Извештај за спроведување Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022 – 2024, во 2023 година, достапен на: https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/990

*истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворска полиција, а се врзани со правото на мирен собир и бројот на покренати обвиненија и осудителни пресуди; поднесени претставки до Народен правобранител кои се однесуваат на пречекорување на полициски овластувања и бројот на мислења во кои е утврдена повреда.*

*2023: Одржани се 486 јавни собири од кои 325 се најавени и 161 ненајавени, или во проценти 33,1% од јавните собири биле ненајавени. Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапи по 62 предмети за пречекорување на полициските овластувања и прекумерна употреба на физичка сила, од нив утврдил дека шест се основани, за кои поднесени се три кривични пријави за 7 полициски службеници, а за останатите три предмети поднесено е известување до Основно јавно обвинителство- Одделението за гонење кривични дела, додека за 12 полициски службеници поднесен е Предлог за поведување на постапка за кршење на работниот ред и дисциплина, поради пречекорување на полициските овластувања и прекумерна употреба на физичка сила. Воедно, до Народниот правобранител поднесени се 11 претставки кои се однесуваат за пречекорување на полициските овластувања и прекумерна употреба на физичка сила на полициски службеници на МВР и за сите се доставени одговори до Народниот правобранител од надлежните организациски единици во МВР.*

*2022: Во 2022 година се одржани 434 јавни собири од кои 348 се најавени и 86 ненајавени или во проценти 19,8 % од јавните собири биле ненајавени. Од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди се поднесени 4 кривични пријави против полициски службеници за употреба на прекумерна сила.*

**Активност 16.1**. Спроведување консултации за потребата од ревизија на законската рамка која го засега правото на собир и унапредување на надворешните механизми за независен надзор врз полицијата.
**Показател**: /
**Надлежна институција**: Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Народен правобранител
**Рок за спроведување**: 3 квартал 2022
Активноста не е започната

**Активност 16.2**. Формирање на работна група за изработка на измени на Законот за јавни собири, Законот за полиција и Законот за јавен ред и мир, како и на другата легислатива применлива за оваа проблематика
**Показател**: /
**Надлежна институција**: Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Народен правобранител
**Рок за спроведување**: 3 квартал 2022
Активноста не е започната

**Активност 16.3**. Креирање подзаконски акти за почитување на човековите права, особено за пречекорување на овластувањата и примена на прекумерна сила
**Показател**: /
**Надлежна институција**: Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Народен правобранител
**Рок за спроведување**: 4 квартал 2022
Активноста не е започната

**Оперативна цел 17. Унапредување на законската рамка која се однесува на непосредно учество на граѓаните во одлучувањето**

*<u>Показател на успешност</u>: Намалени прагови за референдум, законодавна иницијатива и петиција; Зголемена примена на механизмите за непосредно учество на граѓаните во процесите на одлучување.*

*<u>Статус</u>: Не се намалени праговите за референдум, законодавна иницијатива и петиција.*

| |
|---|
| **Активност 17.1.** Отворање на консултативен процес за потребата од унапредување на законската рамка која се однесува на непосредното учество на граѓаните во одлучувањето<br>**Показател**: /<br>**Надлежна институција**: Министерство за правда, Министерство за локална самоуправа<br>**Рок за спроведување**: 1 квартал 2024 |
| Активноста не е започната |

| |
|---|
| **Активност 17.2.** Формирање на работната група за подготовка на нов/измени на Закон за референдум и други облици за непосредно изјаснување на граѓаните<br>**Показател**: /<br>**Надлежна институција**: Министерство за правда, Министерство за локална самоуправа<br>**Рок за спроведување**: 1 квартал 2024 |
| Активноста не е започната |

| |
|---|
| **Активност 17.3.** Евалуација и доколку е потребно, ревидирање на Законот за локална самоуправа, со цел да се обезбедат дополнителни механизми за непосредна демократија<br>**Показател**: /<br>**Надлежна институција**: Министерство за правда, Министерство за локална самоуправа<br>**Рок за спроведување**: 1 квартал 2024 |
| Активноста не е започната |

| |
|---|
| **Активност 17.4**. Усвојување на законските решенија<br>**Показател**: /<br>**Надлежна институција**: Министерство за правда, Министерство за локална самоуправа<br>**Рок за спроведување**: 2 квартал 2024 |
| Активноста не е започната |

| |
|---|
| **Активност 17.5**. Усогласување со други релевантни закони (Изборниот законик)<br>**Показател**: /<br>**Надлежна институција**: Министерство за правда, Министерство за локална самоуправа<br>**Рок за спроведување**: 2 квартал 2024 |
| Активноста не е започната |

| |
|---|
| **Активност 17.6.** Обезбедување можност подрачните канцеларии на Државната изборна комисија да собираат потписи за (локален) референдум и на јавни простори (на пример: плоштади)<br>**Показател**: /<br>**Надлежна институција**: Министерство за правда, Министерство за локална самоуправа<br>**Рок за спроведување**: 2 квартал 2024 |
| Активноста не е започната |

## Приоритетна област 3. Граѓанскиот сектор како чинител во социјално-економскиот развој

Оваа приоритетна област содржи пет стратешки цели, девет оперативни цели со вкупно 23 активности насочени кон создавање поттикнувачко правно опкружување за социјално претприемништво, активно вклучување на граѓанските организации во давањето услуги во социјалната сфера и други дејности од јавен интерес, промовирање и развој на волонтерството, како и кон подобрување на правната рамка и поттикнување на филантропски донации кон граѓанските организации. **Од вкупно 23 активности, девет активности (39,1%) се започнати но не се целосно спроведени, пет активности (21,7%) воопшто не се започнати, две активности (8,7%) целосно се спроведени а седум активности (30,5%) континуирано се спроведувале во периодот 2022-2024 година**.

Изготвен е **предлог-законот за социјални претпријатија**, меѓутоа **не е усвоен**. Континуирано се спроведуваат активности за промоција и едукација за социјалното претприемништво, меѓутоа се уште не е воспоставен систем за финансиски стимулации за развој на иницијативи за социјално претприемништво на граѓанските организации. Предлог-**законот за волонтерство** е изготвен во 2022 годинам, но **не е усвоен** иако континуирано се спроведуваат промотивни активности за зголемување на волонтерството. Слична е состојбата и со **Законот за донации и спонзорства во јавните дејности**, односно има изготвено предлог-закон но истиот **не е усвоен**. Континуирано се спроведуваат активности за поттикнување на соработката на граѓанските организации со бизнис секторот и промовирање на филантропијата. Не е направена анализа на можностите за обезбедување на услуги финансирани од државата во областа на образованието, здравството, културата, младите, руралниот развој и друго од страна на граѓанските организации, а има делумен напредок во развивање на мрежа на социјални услуги во локалната заедница и вклученост на граѓанските организации како даватели на социјални услуги. Не само што не се започнати активности за воспоставување на функционален и долгорочен механизам за финасирање на активностите од Програмата за заштита на населението од ХИВ кои ги спроведуваат граѓанските организации туку има уназадување односно кратење на финансиските средства за оваа намена.

Надлежни институции за спроведување на активносите од оваа приоритетна област се: Министерство за труд и социјална политика (една од надлежните институции за спроведување на 12 активности), Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество (едно од надлежните тела за спроведување на пет активности), Министерство за правда (една од надлежните институции за пет активности), Министерство за финансии (една од надлежните институции за пет активности), Генерален секретаријат – организациона единица за соработка со граѓанските организации (една од надлежните институции за четири активности) и др.

## Стратешка цел 8. Развој на социјално претприемништво

*Показател на влијание: Оценка за давање услуги според Индексот на одржливост на граѓанското општество за Северна Македонија*

*Статус: Нема достапен податок*

### Оперативна цел 18. Создавање на поттикнувачко правно окружување за социјално претприемништво

*Показател на успешност: Број на социјални претпријатија со правна форма на здружение или фондација вклучени во програмите за поддршка на микро, мали и средни претпријатија*

*Статус: Законот за социјални претпријатија не е усвоен.*

| |
|---|
| **Активност 18.1.** Усвојување на законска, институционална и финансиска рамка за правно препознавање и развој на социјалното претприемништво (Закон за социјални претпријатија во широк консултативен процес којшто ќе го препознае целиот спектар на социјални претпријатија и ќе овозможува нивно правно препознавање и развој, а нема да го ограничува нивното работење; Вклучување на социјалните претпријатија со правна форма на здружение или фондација во: програмите за поддршка на микро, мали и средни претпријатија вклучително и старт-ап (во рамки на програмите на Министерство за економија, Агенцијата за развој и поддршка на претприемништвото, Фондот за иновации, Министерство за земјоделство во доменот на рурален развој итн.); Овозможување на граѓанските организации што вработуваат лица со попреченост да се стекнат со статус на заштитно друштво согласно Законот за вработување на инвалидни лица; Поттикнување и поддршка на институциите на централно и локално ниво да ги користат можностите за резервирани јавни набавки и договори согласно Законот за јавни набавки; Надминување на правните пречки за функционирање на социјалните претпријатија (фискални и даночни аспекти, пристап до финансии и сл.).<br>**Показател**: Спроведени се сеопфатни јавни консултации при изработката на Законот за социјални претпријатија (четири консултативни средби од кои една на национално и три на локално ниво со опфаќање на повеќе од 70 претставници на граѓански организации); Усвоен е Закон за социјални претпријатија.<br>**Надлежна институција**: Министерство за труд и социјална политика<br>**Рок за спроведување**: 4 квартал 2022 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

Подготвен е Предлог на закон за социјални претпријатија. На 1 и 2.11.2023 во Скопје се одржаа дискусија и расправа по текстот на предлогот на закон со претставници на органите на државна управа, односно со претставници на граѓански организации и академската заедница, по што предлогот на закон беше објавен на ЕНЕР на 6.11.2023 и се одржаа три јавни расправи во Скопје 10.11.2023, Битола 15.11.2023 и Штип 17.11.2023. На 28.11.2023 Предлогот на закон за социјални претпријатија е доставен во владина постапка. Законот за социјални претпријатија не е усвоен.

### Оперативна цел 19. Промоција, градење на капацитетите и обезбедување финансиска помош за граѓанските организации за развој на социјално претприемништво

*Показател на успешност: Број на програми и активности за развој на социјалното претприемништво*

*Статус: Програмите и активностите за развој на социјалното претприемништво се малкубројни и главно финансирани од Европската Унија.*

| |
|---|
| **Активност 19.1**. Поддршка на програми и активности за промоција и едукација за социјалното претприемништво и социјалните претпријатија.<br>**Показател**: Број на јавни повици за финансирање предлог-проекти од локални, национални средства и средства од Европската Унија чија цел е иницирање, постигнување и одржување на солвентноста на иницијативите за социјално претприемништво; Број на граѓански организации кои успешно спровеле проекти (преку јавните повици) финансирани од локални, национални извори и извори од Европската Унија; Број на социјални претпријатија формирани од страна на граѓанските организации преку спроведените проекти.<br>**Надлежна институција**: Министерство за труд и социјална политика<br>**Рок за спроведување**: Почнувајќи од 1 квартал 2022 |
| Активноста се спроведуваше континуирано |

Изготвен е Регистар на социјални претпријатија од страна на Здружението за социјални иновации АРНО[35] во рамки на субгрант финансиран од Европската унија. Во регистарот има евидентирано 57 социјални претпријатија (состојба 02.01.2025). Од мапираните социјални претпријатија, 43 вработуваат и ангажираат 271 лице, од кои 38.3% од вкупниот број се млади од ранливи категории[36].

Во 2023 заврши спроведувањето на неколку поголеми проекти финансирани од Европската Унија кои таргетираа поддршка на социјални претпријатија (Поддршка за развој на социјални претпријатија, Поддршка на социјалните претпријатија следејќи го принципот – Не оставај никој зад себе, Социјално претприемништво за младинско вработување). Во рамки на проектот „Поддршка на социјалните претпријатија следејќи го принципот – Не оставај никој зад себе" беа доделени шест субгрантови на граѓански организации за развој на социјално претприемништво. Во рамки на проектот Социјално претприемништво за младинско вработување беа доделени 10 субгрантови за финансиска поддршка на социјални претпријатија. Преку овие проекти се креирани веб-платформи за поддршка на социјални претпријатија, на една од платформите се достапни видео обуки за социјални претприемачи.

Во септември 2023 се одржа „Третиот саем на социјални претпријатија" пред Центарот на социјални претпријатија, Скопје, со учество на околу 50-тина штандови за промоција на производи и услуги на социјални претпријатија од земјава, но и од Србија, Црна Гора, Косово и Албанија.[37]

Младински сојуз Крушево во рамки на проекти финансирани од Европската Унија спроведува активности за развој на социјалните претпријатија, како на пример: воведување на Патоказ за социјални претпријатија, Барометар на социјални претпријатија.

| |
|---|
| **Активност 19.2**. Воспоставување на систем за финансиски стимулации за развој на иницијативи за социјално претприемништво на граѓанските организации.<br>**Показател**: Број на јавни повици за финансирање предлог-проекти од локални, национални средства и средства од Европската Унија чија цел е иницирање, постигнување и одржување на солвентноста на иницијативите за социјално претприемништво; Број на граѓански организации кои успешно спровеле проекти (преку јавните повици) финансирани од локални, национални извори и извори од Европската Унија; Број на социјални претпријатија формирани од страна на граѓанските организации преку спроведените проекти.<br>**Надлежна институција**: Министерство за труд и социјална политика<br>**Рок за спроведување**: 3 квартал 2022 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

[35] Извор: https://mladipretpriemaci.mk/%D1%80%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B0%D1%80-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%BE%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%82%D0%BF%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%B8%D1%98%D0%B0/

[36] Извор: https://arno.org.mk/mk/proekti/osnovna_studija_/

[37] Извор: https://www.mtsp.gov.mk/septemvri-2023-ns_article-trencevska-socijalnite-pretprijatija-kje-pridonesat-vo-kreiranje-na-novi-rabotni-mesta-za-ranlivite-.nspx

Во рамки на проектот Социјално претприемништво за младинско вработување, финансиран од Европската унија, изготвена е веб-платформа како алатка за прибирање средства во форма на crowdfunding за идеи за воспоставување на социјални претпријатија. Предлог-законот за социјални претпријатија[38] предвидува финансиска поддршка, даночни ослободувања и други инструменти за поддршка на социјални претпријатија, меѓутоа предлог-законот се уште не е донесен.

| |
|---|
| **Активност 19.3**. Градење на капацитетите на граѓанските организации коишто се дел од еко-системот за развој на социјалните претпријатија.<br>**Показател**: Број на јавни повици за финансирање предлог-проекти од локални, национални средства и средства од Европската Унија чија цел е иницирање, постигнување и одржување на солвентноста на иницијативите за социјално претприемништво; Број на граѓански организации кои успешно спровеле проекти (преку јавните повици) финансирани од локални, национални извори и извори од Европската Унија; Број на социјални претпријатија формирани од страна на граѓанските организации преку спроведените проекти.<br>**Надлежна институција**: Министерство за труд и социјална политика<br>**Рок за спроведување**: Почнувајќи од 1 квартал 2022 |
| Активноста се спроведуваше континуирано |

Центарот за социјални претпријатија, формиран во 2021 година, продолжи да функционира од јули 2023 преку проектот „Поддршка на развојот на социјалните претпријатија“ финансиран од Амбасадата на Република Полска[39]. Националниот Центар за социјални претпријатија со 8те регионални центри за поддршка како дел од активностите на ИПА проектот „Поддршка на социјални претпријатија“ финансиран од ЕУ се воспоставени како структура за поддршка и развој на социјалните претпријатија, вклучително и за градење на капацитетите за развој на социјалните претпријатија.

## Стратешка цел 9. Препознавање на спецификите на граѓанските организации како работодавач

*Показател на влијание: Граѓанскиот сектор е работодавач, препознаен од системот и вреден за поддршка*

*Статус: Не се направени потребните промени за да може системот да го препознава граѓанскиот сектор како работодавач.*

**Оперативна цел 20. Препознавање на спецификите на граѓанските организации како работодавач во правната регулатива, оперативните програми и социјалниот дијалог**

*Показател на успешност: Број на граѓански организации корисници на активни мерки за вработување*

*2022: 20 граѓански организации (6,7%) од вкупно 296 кои го одговориле Прашалникот[40] биле корисници на активни мерки за вработување.*

[38] Извор: https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=81290
[39] Извор: https://www.mtsp.gov.mk/juli-2023-ns_article-potpishan-memorandum-za-sorabotka-pomegju-ministerstvoto-za-trud-i-socijalna-politika-i-fondaciite-b.nspx
[40] Вредноста на овој показател е утврдена врз основа на онлајн анкета со граѓанските организации. Анкетата беше спроведен од Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат во јануари 2023 година а одговори беа доставени од вкупно 296 организации.

*2024: 12 граѓански организации (5,9%) од вкупно 203 кои го одговориле Прашалникот[41] биле корисници на активни мерки за вработување.*

| |
|---|
| **Активност 20.1**. Учество на граѓанските организации во имплементација на активните програми и мерки за вработување.<br>**Показател**: Активните мерки за вработување се достапни и за работодавачи и работници од граѓанскиот сектор.<br>**Надлежна институција**: Министерство за труд и социјална политика, Агенција за вработување<br>**Рок за спроведување**: 1 квартал 2022 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

Во 2023 и 2024 година дел од јавните повици за активни мерки за вработување беа отворени за работодавачи социјални претпријатија или граѓански организации (финансиска поддршка за создавање на нови работни места). Активните мерки како кредитирање на правни субјекти не се достапни за работодавачи од граѓанскиот сектор. Во повиците за активни мерки за вработување за физички лица јасно не е наведено дали се достапни за работници од граѓанскиот сектор.

| |
|---|
| **Активност 20.2**. Анализа за можностите за флексибилни работни ангажмани кога граѓанските организации вработуваат лица од ранливи категории – корисници на социјална помош како дел од нивното социо-економско интегрирање.<br>**Показател**: Подготвена анализа за можностите за флексибилни работни ангажмани кога граѓанските организации вработуваат лица од ранливи категории-корисници на социјална помош како дел од нивното социо-економско интегрирање.<br>**Надлежна институција**: Министерство за труд и социјална политика, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br>**Рок за спроведување**: 1 квартал 2023 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

Во рамките на проектот Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија, финансиран од ЕУ, по спроведено истражување (прашалник дистрибуиран до граѓански организации) подготвен е документ „Граѓанските организации како работодавачи – справување со клучните предизвици во законодавството“ кој содржи општ преглед на правната рамка, клучни области кои можат да ја подобрат позицијата на граѓанските организации како работодавачи и план за консултации кој ги вклучува сите релевантни чинители во процесот на изнаоѓање на најдобри решенија за подобрување на позицијата на граѓанските организации како работодавачи.

| |
|---|
| **Активност 20.3**. Само-организирање на страните на социјалниот дијалог во граѓанското општество односно здружување на граѓанските организации како работодавачи и синдикално здружување на вработените во граѓанските организации.<br>**Показател**: Вработените во граѓанскиот сектор ја препознаваат потребата од синдикално здружување и активно работат на тоа.<br>**Надлежна институција**: Министерство за труд и социјална политика, социјални партнери, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br>**Рок за спроведување**: 1 квартал 2023 |
| Активноста не е започната |

[41] Вредноста на овој показател е утврдена врз основа на онлајн анкета со граѓанските организации. Анкетата беше спроведен од Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат во јануари 2025 година а одговори беа доставени од вкупно 203 организации.

| |
|---|
| **Активност 20.4**. Анализа на компаративни искуства за учество на граѓанските организации во работата на Економско социјалниот совет.<br>**Показател**: Подготвена компаративна анализа; Граѓанските организации активно учествуваат во работата на Економско-социјалниот совет преку свои легитимно избрани претставници.<br>**Надлежна институција**: Министерство за труд и социјална политика, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br>**Рок за спроведување**: 1 квартал 2023 |
| Активноста не е започната |

## Стратешка цел 10. Промовирање и развој на волонтерството

*Показател на влијание: Зголемување на нивото на волонтирање во граѓанските организации*

**Оперативна цел 21. Подобрување на правната рамка за промовирање и развој на волонтерството**

*Показател на успешност: Усвоени измени на Законот за волонтерството кои поттикнуваат граѓански ангажман и волонтерство*

*Статус: Не се усвоени измени на Законот за волонтерство кои поттикнуваат граѓански ангажман и волонтерство.*

| |
|---|
| **Активност 21.1**. Измена на Законот за волонтерство со цел зголемување на граѓанскиот ангажман и волонтерство.<br>**Показател**: Спроведени се сеопфатни јавни консултации при изработка на Законот за волонтерство (четири консултативни средби од кои една на национално и три на локално ниво со опфаќање на повеќе од 70 претставници на граѓански организации); Усвоени се измени на Законот за волонтерство.<br>**Надлежна институција**: Министерство за труд и социјална политика<br>**Рок за спроведување**: 1 квартал 2022 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

Во период 2021-2022 се направени консултации и изготвен е Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за волонтерство. Меѓутоа не се спроведени дополнителни активности за измена на Законот за волонтерство во 2023 и 2024 година.

**Оперативна цел 22. Поттикнување на волонтерски активности и финансиска поддршка за граѓанските организации кои го промовираат волонтерството**

*Показател на успешност: Број на граѓани кои се активни во заедницата и работат како волонтери во граѓански организации*

*2022: 181 граѓанска организација (61%) од 296 кои го одговориле Прашалникот[42] ангажирале волонтери (99 ГО ангажирале до 5 волонтери; 31 ГО ангажирале од 6 до 10 волонтери; 25 ГО ангажирале од 11 до 20 волонтери; 26 ГО ангажирале повеќе од 20 волонтери)*

[42] Вредноста на овој показател е утврдена врз основа на онлајн анкета со граѓанските организации. Анкетата беше спроведен од Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат во јануари 2023 година а одговори беа доставени од вкупно 296 организации.

*2024: 135 граѓанска организации (66,5%) од 203 кои го одговориле Прашалникот[43] ангажираке волонтери (77 ГО ангажирале до 5 волонтери; 17 ГО ангажирале од 6 до 10 волонтери; 19 ГО ангажирале од 11 до 20 волонтери; 22 ГО ангажирале повеќе од 20 волонтери)*

| |
|---|
| **Активност 22.1**. Организирање на промотивни активности за зголемување на волонтерството кај граѓаните.<br>**Показател**: Број на спроведени активности годишно за промоција на волонтерството.<br>**Надлежна институција**: Министерство за труд и социјална политика во соработка со Национален совет за промовирање и развој на волонтерството, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации<br>**Рок за спроведување**: 4 квартал 2022/ континуирано |
| Активноста се спроведуваше континуирано |

Во рамки на проектот „ЕУ поддршка на Граѓанскиот ресурсен центар – фаза 2" финансиран од Европската Унија, во периодот 2023-2024 во декември редовно се одржуваат дебати за волонтерството.

Граѓанските организации спроведуваат настани и кампањи за промоција на волонтерството, како на пример: промотивен настан за волонтерство во Тетово организиран од Женски форум Тетово и Волонтерски центар Скопје[44], годишен настан на Младински културен центар Битола за доделување национални волонтерски награди (декември), итн. Овие промотивни настани главно се организирани во декември за Светскиот ден на волонтерството.

| |
|---|
| **Активност 22.2**. Градење на капацитетите на граѓанските организации за спроведување на програми и проекти за волонтерство.<br>**Показател**: Број на спроведени проекти за поттикнување на волонтерството финансирани од национални или локални извори, Европска Унија и други донатори.<br>**Надлежна институција**: Министерство за труд и социјална политика во соработка со Национален совет за промовирање и развој на волонтерството, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации<br>**Рок за спроведување**: 4 квартал 2022/ континуирано |
| Активноста се спроведуваше континуирано |

Во рамки на проектот „Младите – агенти на промената" финансиран од Европската Унија, во 2023 г беше објавен Повик за поднесување апликации за финансиска поддршка за младински иницијативи/акции со фокус на волонтерство и активизам кај младите во Република Северна Македонија[45].

Во рамки на проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата", поддржан од Европската Унија беа спроведени низа активности за промоција на волонтерството а преку регрант на овој проект беше изготвена Стратегија за развој на волонтерството во општина Битола 2023-2026. Исто така во рамки на истиот проект

[43] Вредноста на овој показател е утврдена врз основа на онлајн анкета со граѓанските организации. Анкетата беше спроведен од Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат во јануари 2025 година а одговори беа доставени од вкупно 203 организации.

[44] Извор: https://mia.mk/story/%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%BC%D0%BE%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B2%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D0%BD%D1%82%D0%B5%D1%80%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%82%D0%BE-%D0%BA%D0%B0%D0%BA%D0%BE-%D0%BD%D0%B0%D1%87%D0%B8%D0%BD-%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B0%D0%BA%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%BD%D0%BE-%D0%B4%D0%B0-%D1%80%D0%B5%D1%88%D0%B0%D0%B2%D0%B0%D0%B0%D1%82-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B1%D0%BB%D0%B5%D0%BC%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-%D0%B7%D0%B0%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B0%D1%82%D0%B0

[45] Извор: https://cid.mk/2023/04/03/%D0%BF%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D0%BA-%D0%B7%D0%B0-%D1%84%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%B4%D1%80%D1%88%D0%BA%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8/

беше изготвен и промовиран Прирачник за управување со волонтери во граѓански организации.

Врз основа на Стратегијата за развој на волонтерството во општина Битола 2023-2026 и Акцискиот план за развој на волонтерството 2023-2026, а во соработка со Локалниот Совет за волонтерство, во октовмри 2023г Општина Битола објави јавен повик за доделување на финансиски средства од Буџетот на Општина Битола за реализација на активности од акцискиот план за развој на волонтерството за организирање на волонтерски акции.[46]

## Стратешка цел 11. Поттикнување на граѓаните и деловниот сектор за поддршка и придонес за развој на граѓанското општество

*Показател на влијание: Зголемен број на дадени донации за поддршка на граѓански организации*

*2022: Според одговорите на Прашалникот[47] 108 (36,5%) од граѓанските организации имаат добиено донација од граѓани или од деловниот сектор (81 ГО добиле донација во вид на парични средства, а 27 ГО добиле донација во вид на материјални добра).*

*2024: Според одговорите на Прашалникот[48], 83 (40,9%) од граѓанските организации имаат добиено донација од граѓани или од деловниот сектор (63 ГО добиле донација во вид на парични средства, а 20 ГО добиле донација во вид на материјални добра).*

**Оперативна цел 23. Унапредување на правната рамка за донации и спонзорства во јавните дејности за олеснување на донирањето кон граѓанските организации**

*Показател на успешност: Измените на Законот за донации и спонзорстава во јавните дејности поттикнуваат филантропија*

*Статус: Измените на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности не се усвоени.*

| |
|---|
| **Активност 23.1.** Подготовка на измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности со учество на претставници на граѓански организации во работната група.<br>**Показател**: Подготвен е предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности со учество на претставници на граѓанските организации во работната група.<br>**Надлежна институција**: Министерство за правда, Министерство за финансии<br>**Рок за спроведување**: 1 квартал 2022 |
| Активноста е спроведена во 2023 |

Подготвен е Предлог на закон за даночните поттикнувања за донации и спонзорства во активностите од јавен интерес, што е доставен на мислење до надлежните институции и на 15.1.2024 е објавен за консултации на ЕНЕР[49]. Предлог-законот е изготвен од работна група во чиј состав има претставници на граѓански организации.

[46] Извор: https://apla.mk/denes/item/13767-objaven-javen-povik-za-volonterstvo-i-organiziranje-na-volonterski-akcii

[47] Вредноста на овој показател е утврдена врз основа на онлајн анкета со граѓанските организации. Анкетата беше спроведен од Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат во јануари 2023 година а одговори беа доставени од вкупно 296 организации.

[48] Вредноста на овој показател е утврдена врз основа на онлајн анкета со граѓанските организации. Анкетата беше спроведен од Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат во јануари 2025 година а одговори беа доставени од вкупно 203 организации.

[49] Извор: https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=73922

| |
|---|
| **Активност 23.2**. Јавни консултации и дебати со граѓанските организации, институции и други засегнати страни за измените на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.<br>**Показател**: Спроведени се сеопфатни јавни консултации при изработката на измените на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.<br>**Надлежна институција**: Министерство за правда, Министерство за финансии<br>**Рок за спроведување**: 2 квартал 2022 |
| Активноста е спроведена во периодот 2023-2024 |

Во 2023 година предлог законот е доставен на мислење до надлежните институции а добиен е извештај од Државната комисија за спречување на корупција за антикорупциска проверка на одредбите од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности[50]. Во јануари 2024 година, предлог-законот е ставен на ЕНЕР за консултации со јавноста, и доставен е еден коментар на предлог-законот во предвидениот рок од 20 дена.

| |
|---|
| **Активност 23.3**. Доставување на измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (владина процедура).<br>**Показател**: Предлог-закон за измена и дополнување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности е доставен во владина процедура.<br>**Надлежна институција**: Министерство за правда, Министерство за финансии<br>**Рок за спроведување**: 2 квартал 2022 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

Предлогот на законот е доставен на мислење до надлежните институциии во 2023г. но не е добиено позитивно мислење од сите институции.

| |
|---|
| **Активност 23.4**. Подготовка на измени на подзаконските акти согласно усвоените измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.<br>**Показател**: Подготвени и донесени правилници за спроведување на законот.<br>**Надлежна институција**: Министерство за правда, Министерство за финансии<br>**Рок за спроведување**: 3 квартал 2022 |
| Активноста не е започната |

| |
|---|
| **Активност 23.5**. Градење на капацитетите на институциите, граѓанските организации, компаниите и граѓаните за доследна примена на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.<br>**Показател**: Подготвени коментари на законот; Спроведени најмалку четири информативни настани/обуки со корисниците на законот (граѓански организации, институции, компании итн.).<br>**Надлежна институција**: Министерство за правда, Министерство за финансии<br>**Рок за спроведување**: 4 квартал 2022 |
| Активноста не е започната |

### Оперативна цел 24. Поттикнување на соработката на граѓанските организации со бизнис секторот и промовирање на филантропијата

*<u>Показател на успешност</u>: Број на спроведени активности за промоција на донирањето кон граѓанските организации*

[50] Извор: https://dksk.mk/wp-content/uploads/2023/02/%D0%90%D0%9F%D0%9B-%D0%BD%D0%B0-%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%B8-%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D1%81%D0%BF%D0%BE%D0%BD%D0%B7%D0%BE%D1%80%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B4%D0%B5%D1%98%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B8.pdf

*<u>Статус</u>: Активностите за промоција на донирањето на граѓанските организации доминантно се спроведени од граѓански организации, а финансиски поддржани од странски донатори.*

| |
|---|
| **Активност 24.1**. Градење на капацитетите на граѓанските организации за соработка со бизнис секторот и прибирање на донации од домашни извори.<br>**Показател**: /<br>**Надлежна институција**: Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br>**Рок за спроведување**: 4 квартал 2023 |
| Активноста се спроведуваше континуирано |

Во периодот 2023-2024 година во рамки на проектот „Партнерства за донирање“ финансиран од УСАИД беа спроведени обуки за граѓанските организации за прибирање на донации од бизниси и граѓани.

<u>**Препорака**: Оваа активност треба да се спроведува континуирано.</u>

| |
|---|
| **Активност 24.2**. Промовирање на донирањето кон граѓанските организации.<br>**Показател**: /<br>**Надлежна институција**: Совет за соработка меѓу Владата и граѓаското општество<br>**Рок за спроведување**: 4 квартал 2023 |
| Активноста се спроведуваше континуирано |

Здружението Конект редовно организира Донаторски кружок за промовирање на донирањето кон граѓанските организации. На последниот донаторски кружок во Скопје во 2024 година биле донирани над еден милион денари, трипати повеќе од првичната цел, со поддршка на компаниите кои го удвојуваа износот. 17 компании и 111 граѓан(к)и здружено донирале за да направат значајни промени во своите заедници. Донаторски кружоци има и надвор од Скопје. Над 197 граѓан(к)и и компании собрале 767.400 денари во донации и поддржале девет локални иницијативи на граѓански организации.

Во рамки на проектот „Партнерства за донирање“, финансиран од УСАИД, Зружението Конект ја спроведе кампањата „Денови за донирање“ во која се вклучиле над 2.000 граѓани, организации и компании, а на крајот на годините (2023 и 2024) биле организирани добротворни базари на социјални претпријатија. Во 2023 година, кампањата поддржала 31 непрофитна организација и вклучила 50 бизниси со донирани 2.017.212 денари во финансиски средства, добра и услуги и волонтерски труд.

<u>**Препорака**: Оваа активност треба да се спроведува континуирано.</u>

## Стратешка цел 12. Зголемување на учеството на граѓанските организации за обезбедување услуги за потребите на заедницата

*<u>Показател на влијание</u>: Процент на граѓански организации кои се заинтересирани и обезбедуваат услуги за потребите на заедницата на локално ниво.*

*<u>Статус</u>: Во 2024 година 93% од анкетираните[51] граѓански организации се заинтересирани и обезбедуваат услуги за потребите на заедницата на локално ниво. Состојбата е речиси иста како во 2022 година (95%[52]).*

**Оперативна цел 25. Развој на граѓанското општество на локално ниво и јакнење на соработката со граѓанските организации на локално ниво**

*<u>Показател на успешност</u>: 50% од општините се со јасно дефинирана методологија за јавна, транспарентна и отчетна распределба на средства од општинските буџети во корист на граѓанските организации*

*<u>Статус</u>: 14% од општините имаат усвоено методологија за јавна, транспарентна и отчетна распределба на средства од општинските буџети на граѓанските организации. 29% од општините објавиле повик за финансирање на граѓанските организации во 2024 година.*

| |
|---|
| **Активност 25.1**. Зајакнати капацитети на локалната администрација и на граѓанските организации за институционална и транспарентна соработка преку реализација на заеднички проекти.<br>**Показател**: Број на организирани обуки за граѓански организации и за општини и број на општини со целосно усвоена постапка за транспарентно финансирање на проекти за граѓанските организации; Број на граѓански организации корисници на средства согласно усвоените процедури; Број на јавни и транспарентни повици објавени од страна на општините.<br>**Надлежна институција**: Министерство за локална самоуправа, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации<br>**Рок за спроведување**: 4 квартал 2024 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

Во рамките на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан во периодот 2022-2024 година беа спроведени 17 обуки за граѓанските организации, со 238 граѓански организации или 334 претставници на граѓански организации.

| |
|---|
| **Активност 25.2**. Усвоена процедура и документација за транспарентно спроведување на постапка и финансирање на проекти од страна на единиците на локална самоуправа, во реализација на граѓанските организации.<br>**Показател**: Број на организирани обуки за граѓански организации и за општини и број на општини со целосно усвоена постапка за транспарентно финансирање на проекти за граѓанските организации; Број на граѓански организации корисници на средства согласно усвоените процедури; Број на јавни и транспарентни повици објавени од страна на општините.<br>**Надлежна институција**: Министерство за локална самоуправа, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со граѓански организации<br>**Рок за спроведување**: 4 квартал 2024 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

Во 2022 година 15 општини објавиле јавен повик за доделување средства од буџетската ставка 463 за граѓански организации. Во само два од вкупно објавените 15 повици биле наведени целите на повикот, а во сите останати се дадени само областите. Во ниту еден од повиците за доставување предлог-проекти за финансирање не биле наведени очекуваните резултати што треба да се постигнат со поддршката. Во само една третина, пак, од повиците бил наведен вкупниот износ на средствата што ќе се доделат или

[51] Вредноста на овој показател е утврдена врз основа на онлајн анкета со граѓанските организации. Анкетата беше спроведен од Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат во јануари 2025 година а одговори беа доставени од вкупно 203 организации.

[52] Вредноста на овој индикатор е утврдена врз основа на онлајн анкета со граѓанските организации. Анкетата беше спроведен од Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат во јануари 2023 година а одговори беа доставени од вкупно 296 организации

висината на грантовите. Воедно, во само една третина од повиците за доделување средства се наведени критериумите за избор на предлог-проектите.[53]

Во 2023 година вкупно 17 општини имаат објавено јавен повик за доделување финансиски средства на здруженија и спортски клубови, додека пак во 2024 година вкупно 23 општини објавиле јавен повик за доделување на финансиски срества на здруженија и спортски клубови[54].

Во рамките на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан (фаза 1 и 2), единаесет општини имаат усвоено методологија за јавна, транспарентна и отчетна распределба на средства од општинските буџети на граѓанските организации. Во периодот 2022-2024 година преку објавените повици користејќи ја усвоената методологија биле одобрени 62 проекти за 51 граѓанска организација.

**Оперативна цел 26. Подобрување на условите, вклучително и капацитетите на граѓанските организации за обезбедување услуги на национално и локално ниво, со еквивалентен квалитет како и останатите даватели на услуги**

*Показател на успешност: Воспоставен е функционален и долгорочен механизам за обезбедување услуги од страна на граѓанските организации на национално и локално ниво.*

*Статус: Не е воспоставен функционален и долгорочен механизам за обезбедување услуги од страна на граѓанските организации на национално и локално ниво.*

| |
|---|
| **Активност 26.1.** Анализа на можностите за обезбедување на услуги финансирани од државата во областа на образованието, здравството, културата, младите, руралниот развој и друго од страна на граѓанските организации.<br>**Показател**: Одржани се јавни дебати за можностите за обезбедување услуги финансирани од државата во областа на образование, здравство, култура, млади и друго, од страна на граѓанските организации; Дадени се заклучоци и препораки за регулирање на условите и начинот на обезбедување на услуги финансирани од државата во областа на образование, здравство, култура, млади, рурален развој и друго, од страна на граѓанските организации; Број на регистрирани младински работници.<br>**Надлежна институција**: Министерство за образование и наука, Министерство за здравство, Министерство за култура, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенција за млади и спорт<br>**Рок за спроведување**: 4 квартал 2023 |
| Активноста е започната, но не е спроведена |

Според податоците од Центарот за образование на возрасни, две граѓански организации (Сојуз за младинска работа и Коалиција на младински организации СЕГА) се даватели на услуги со верификувани програми Работник со млади[55]. До мај 2024 година, вкупно 43 лица имаат успешно завршено една од двете верификувани програми и имаат добиено сертификати за Работници со млади[56]. Достапна е неофицијална База на сертифицирани работници со млади.

[53] Извор: https://ccc.org.mk/images/troskimk.pdf?fbclid=IwZXh0bgNhZW0BMQABHQhAbmuJMu2zAdSTe3SU9Sn8iOvkOz2Otmb4Q1I2BkD1ctyefz3h5zvSzg_aem_AdONMJ8tAukd5XvEgrdzZAKZ27W5ZXHil1bVLo4aXiRPiGofIDBqrRjsjkU9A_RuLTw

[54] Податокот се базира на проверка направена на веб-страните на сите општини во март 2024г.

[55] Извор: https://cov.gov.mk/%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B8/?_sf_s=%D0%A0%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%BD%D0%B8%D0%BA%20%D1%81%D0%BE%20%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8&_sfm_vibe_course_offline=%D0%92%D0%B5%D1%80%D0%B8%D1%84%D0%B8%D0%BA%D1%83%D0%B2%D0%B0%D0%BD%D0%B0

[56] Извор: https://smr.org.mk/%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%86%D0%B5%D1%81%D0%B8/%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%84%D0%B5%D1%81%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0/

Од академската 2023/24 година во Македонија постојат постдипломски академски студии по Младинска работа. Програмата се спроведува на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и опфаќа 4 задолжителни и 3 изборни предмети. Студентите можат да се стекнат со вкупно 60 ЕКТС.

Во периодот 2022-2024 година, не се одржани јавни дебати за можностите за обезбедување услуги финансирани од државата во областа на образование, здравство, култура и друго, од страна на граѓанските организации.

| |
|---|
| **Активност 26.2**. Развивање на мрежа на социјални услуги во локалната заедница и вклученост на граѓанските организации како даватели на социјални услуги.<br>**Показател**: Број на одржани средби со граѓански организации за објаснување на новините во Законот за социјална заштита; Број на објавени јавни конкурси за обезбедување социјални услуги од страна на граѓанските организации кои се даватели на услуги. Број на склучени договори со граѓански организации.<br>**Надлежна институција**: Министерство за труд и социјална политика<br>**Рок за спроведување**: 2022, континуирано |
| Активноста се спроведуваше континуирано |

Во регистерот[57] на лиценцирани даватели на социјални услуги што го води Министерство за труд и социјална политика во периодот 2022-2024 година се издадени вкупно 149 решение за дозвола или обнова на дозвола за вршење на работи од социјална заштита или за проширување на капацитети на даватели на социјални услуги од кои 76 решенија се издадени на граѓански организации (без општинските организации на Црвен крст). Во истиот период се издадени пет решенија за одземање на дозвола и едно решение за одбивање на барањето за продожување на дозвола за вршење на работи од социјална заштита.

Во 2024 година надлежното Министерство има склучено вкупно 61 управен договор за давање на социјални услуги[58] а во 2023 година има склучено вкупно 34 управни договори со лиценцирани даватели на социјални услуги согласно Методологијата за формирање на цените на услугите согласно на нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга („Службен весник на РСМ“ бр.264/19) и Одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за вон-семејна заштита, за стручна помош и поддршка, за дневен престој, за привремен престој, на советување и за одмена на семејна грижа за 2023 година. Во Буџетот на Министерството за труд и социјална политика за 2023 година за социјални услуги се обезбедени вкупно 7.8 милиони евра[59]. Во декември 2023 година Министерство за труд и социјална политика објави јавен конкурс за доделување средства на здруженија и приватни даватели на социјални услуги, за давање на социјални услуги во 2024 година[60].

Во јануари 2024 година 11 граѓански организации формираа мрежа на даватели на социјални услуги[61].

[57] Извор: https://www.mtsp.gov.mk/content/images/2024/registar/registar_26_2_24_web.jpg
[58] Извор: https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2025/stratesko/1-2%20del.pdf
[59] Извор: https://www.mtsp.gov.mk/januari-2023-ns_article-mtsp-skluceni-dogovorite-za-finansiranje-na-socijalnite-uslugi-so-licenciranite-davateli-na-uslugi.nspx
[60] Извор: https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/oglasi/oglasi2023/konkurs_18_mkd.pdf
[61] Извор: https://sos.org.mk/obedinuva-e-na-11-gra-anski-organizacii-i-formira-e-na-mrezha-na-davateli-na-soci-alni-uslugi/

| |
|---|
| **Активност 26.3**. Воспоставување на функционален и долгорочен механизам за финансирање на активностите од Програмата за заштита на населението од ХИВ кои ги спроведуваат граѓанските организации.<br>**Показател**: Усвоени се измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита со кои се утврдува начинот на финансирање на активностите за ХИВ од програмата за заштита на населението од ХИВ што ги спроведуваат граѓанските организации и со кои се овозможува пристап до услуги за сексуално и репродуктивно здравје и намалување на штети од употреба на дроги за адолесценти на возраст помеѓу 16 и 18 години; Развиени и усвоени стандарди за услуги за превенција и поддршка поврзана со ХИВ помеѓу клучни популации кои ги нудат граѓанските организации.<br>**Надлежна институција**: Министерство за здравство<br>**Рок за спроведување**: 2 квартал 2022 |
| Активноста не е започната |

Не се направени и усвоени измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита со кои се утврдува начинот на финансирање на активностите за ХИВ од програмата за заштита на населението од ХИВ што ги спроведуваат граѓанските организации. Во последните години има дури и уназадување во областа, односно кратење на средствата за Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција. Првото кратење од 40% беше направено за Програмата за 2022 година, а во 2023 година буџетот беше скратен за уште 15%.[62] Буџетот за спроведување на Програмата за 2025 изнесува 90 милиони денари што е за 10 милиони денари намалување од 2024 година[63].

# Заклучоци и препораки

## Заклучоци

**Активностите од Акцискиот план на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 се спроведени делумно.** Од вкупно 81 активност во сите три приоритетни области, целосно се спроведени или континуирано биле спроведувани вкупно 27 активности (33%). Започнато е спроведувањето на 29 активности (36%) но не се спроведени до крајот на 2024 година. Спроведувањето на 25 активности (31%) не е започнато. Кај поголемиот дел од целите во трите приоритетни области напредокот е делумен, иако е забележан напредок кај некои од нив, клучните цели не се постигнати и нема позначајна и поопиплива промена во креирањето на поволна средина за развој на граѓанското општество.

Во **првата приоритетна област,** насочена кон унапредување на правната, институционалната и финансиската рамка за функционирање и развој на граѓанското општество, не се донесени измените и дополнувањата на Законот за здруженија и фондации, Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество остана во бојкот од втората половина на 2022 до крајот на 2024 и не е усвоен моделот за финансирање на граѓанските организации од буџетот на државата што го поттикнува развојот на граѓанското општество. Иако Советот беше во бојкот, зголемен е процентот на граѓански организации кои го препознаваат Советот како релевантно тело за соработка и влијание во креирање на политики за развој на граѓанското општество (2022: 50,3%; 2024: 56%). Овозможен е бесплатен пристап до податоци за граѓанските организации од Регистарот на Централен регистар на РСМ.

Во **втората приоритетна област,** нема значителен напредок во процесот на консултации и учество на граѓанските организации во креирањето јавни политики,

[62] Извори: https://lokalaktiv.mk/2024/01/29/pari_programa_prevencija/ , https://360stepeni.mk/video-namalen-budhet-za-preventsija-od-hiv-zgolemen-rizik-za-virusot-da-eksplodira/ , https://hera.org.mk/platforma-za-hiv-soopstenie-1-dekemvri-2023/

[63] Извор: https://24.mk/details/budzetot-za-programata-za-zashtita-na-naselenieto-od-khiv-infekcija-za-slednata-godina-e-namalen

Владата не донесе модел за вклучување и избор на граѓанските организации во работните групи на органите на државната управа ниту пак модел за учество на граѓанското општество во процесот на пристапни преговори со Европската Унија. Иако во 2023 година имаше подобрување во нивото на објавување на предлог-законите на ЕНЕР од страна на министерствата, сепак состојбата значително се влоши во 2024 година. Не се започнати активности за унапредување на правната рамка за правото на мирно собирање и непосредно учество на граѓаните во одлучувањето, во согласност со меѓународните стандарди. Воспоставен е едукативен превентивен механизам против говор на омраза. Постигнато е зголемување од повеќе од 10 процентни поени на бројот на граѓански организации кои применуваат дигитални алатки за истражување, овозможување услуги и во оперативно-административна смисла. Постои матрица за следење на опкружувањето во кое функционираат граѓанските организации.

Во **третата приоритетна област,** изготвени се Предлог законот за социјални претпријатија, измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности и измени на Законот за волонтерство, но не се усвоени до крајот на 2024 година. Мнозинството општини се уште немаат јасно дефинирана методологија за јавна, транспарентна и отчетна распределба на средства од општинските буџети во корист на граѓанските организации. Граѓанските организации спроведуваат активности за промоција на волонтерството и активности за промовирање на филантропијата и донирањето кон граѓанските организации. Постои функционален систем за обезбедување социјални услуги од страна на граѓанските организации, но не е воспоставен функционален и долгорочен механизам за обезбедување услуги во други области од страна на граѓанските организации.

**Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, како надзорен механизам во спроведувањето на Стратегијата, не беше функционален**. Клучниот надзорен механизам за имплементација е Владата, при што министерствата се одговорни за спроведување на своите активности. Меѓутоа, Советот за соработка е надлежен да го следи спроведувањето на Стратегијата и Акцискиот план, преку разгледување на кварталните извештаи за напредокот на спроведувањето на Стратегијата и давање мислење на годишно ниво за реализација на Стратегијата. Во период на нефункционален Совет, недостигаше ефикасниот механизам за надзор на спроведувањето и барање одговорност од Владата за спроведување на активностите и мерките од Акцискиот план. Генералниот секретаријат – организациона единица за соработка со граѓанските организации редовно изготвуваше годишни извештаи за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата и истите беа усвојувани на владина седница.

**Голема одговорност за спроведување на Стратегијата паѓа на Советот за соработка на Владата со граѓанските организации**. Советот е едно од надлежните тела за спроведување на 44 активности, односно за повеќе од половина (54%) од активностите наведени во Акцискиот план за спроведување на Стратегијата. Според Одлуката за формирање на Советот[64], тој не е надлежен за спроведување на Стратегијата туку за следење на спроведувањето.

**Временска рамка за спроведување на активностите од Акцискиот план на Стратегијата е преамбициозна.** Според Акцискиот план, 49 активности (60.5%) се планирани да бидат завршени во првата година од Стратегијата (2022), кое што

[64] Одлука за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Службен весник на Република Македонија бр.98/16, 164/17, 97/19, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 116/21, 268/24.

значително го зголемува ризикот од доцнење во спроведувањето на активностите. Дополнително, во Акцискиот план се наведени конкретни рокови (најчесто 2022) за дел од активностите кои според својата природа би требало континуирано да се спроведуваат.

**Показателите за следење на Стратегијата не се целосно мерливи, остварливи и релевантни за мерење на стратешките и оперативните цели на Стратегијата**. Дел од показателите на влијание се базираат на Индексот на одржливост на граѓанското општество чие мерење зависи од надворешен фактор а последната ваква анализа е направена во 2021 година. Дел од показателите на влијание се преамбициозни за тригодишна Стратегија.

**Нема испланирани буџетски средства за спроведување на активностите од Стратегијата.** Во отсуство на буџетски средства, најголем дел од активностите се спроведени во рамки на проекти финансирани од странски донатори (Европската унија, УСАИД). Дел од активностите се спроведени од здруженијата и фондациите во рамки на нивни проекти финансирани од странски донатори или како дел од нивните редовни активности.

**Генералниот секретаријат – организациона единица за соработка со граѓанските организации е примарното владино тело надлежно да го следи и координира спроведувањето на Стратегијата и Акцискиот план.** Одделението континуирано го следи напредокот во имплементацијата на мерките и активностите од Стратегијата и Акцискиот план, и ги ажурира податоците и информациите за степенот на реализираност на активностите и мерките.

## Препораки

**Стратегијата за соработка со и развој на граѓанското општество со Акциски план 2025-2028 треба да е продолжение на оваа Стратегија, реална, концизна и фокусирана на остварување на клучните цели за развој на граѓанското општество**. Имајќи го предвид ниското ниво на спроведување на тековната Стратегија, се препорачува стратешките цели, односно приоритетните области и мерките од оваа Стратегија да се разгледаат како основа за следниот циклус на стратешко планирање 2025–2028, што ќе претставува продолжение на претходниот процес на стратешко планирање. Владата треба да превземе обврска за реализација на клучните мерки за развој на граѓанското општество предвидени со Стратегијата, пред се, **зголемување на државното финансирање за граѓанските организации на најмалку 30 милиони евра во 2028 година** и целосна реформа на системот на финансирање на граѓанските организации од страна на државата (особено на средствата од игрите на среќа и забавните игри) со цел, покрај проектната, да се обезбеди и институционална поддршка за граѓанските организации и кофинансирање на проекти финансиски поддржани од ЕУ и други странски донатори.

**Стратегијата за соработка со и развој на граѓанското општество со Акциски план 2025-2028 да стави приоритет на носење на веќе изготвените предлог-законите предвидени со претходната Стратегијата.** Неодложно носење на измените и дополнувањата на Законот за здруженија и фондации, Предлог законот за социјални претпријатија, измените на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности и измените на Законот за волонтерство.

**Оперативен и репрезентативен Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество со јасно дефинирана улога во спроведувањето на Стратегијата.** Совет не треба да е надлежен за спроведување на Стратегијата туку треба да биде надзорен механизам и ефективно да го следи спроведувањето на Акцискиот план на Стратегијата, да дава препораки но и да бара одговорност од Владата во случај на доцнење или неспроведување на мерки и активности од Акцискиот план.

**Јасно дефинирани, мерливи показатели за следење на спроведувањето на Стратегијата**. При изготвување на следниот Акциски план на Стратегијата, особено внимание треба да се посвети на утврдување на показатели за следење на спроведувањето на Акцискиот план на Стратегијата. Потребно е јасно дефинирање на показатели на влијание, показатели на успешност и показатели на ниво на активности кои се мерливи, остварливи и релевантни за планираните стратешки и оперативни цели.

При утврдување на **временската рамка** за спроведување на активностите, треба да се внимава на обемот на активности планирани за една година, како и кои активности според нивната природа треба континуирано да се спроведуваат.

**Определување средства од буџетот на Република Северна Македонија наменети за спроведување на активностите предвидени во Стратегијата.** Потребно е обезбедување средства од буџетот на Република Северна Македонија за спроведување на активностите предвидени во Стратегијата, врз основа на потребите на органите на државната управа кои се носители на активностите. Акцисиот план на Стратегијата за 2025-2028 треба да содржи реална проценка на потребните средства и извори на финансирање. Не смее да се дозволи спроведувањето на активностите да зависи исклучиво од странски донатори или од редовните активности на здруженијата.

**Генералниот секретаријат – организациона единица за соработка со граѓанските организации да продолжи да игра главна улога во координирање, следењето и редовно известување за спроведувањето на Стратегијата и Акциски план 2025-2028**. Оваа организациона единица треба да има јасна улога, опфат и надлежности, како и цврсто позиционирање во Генералниот секретаријат на Владата. Доброто позиционирање во владината инфраструктура ќе овозможи ефикасна координација на спроведувањето на нејзините надлежности, како и влијание врз сите други владини институции и службеници при спроведување на активностите за спроведување, следење и координација.